# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3213 227 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

NLB Тутунска банка

Година II, број 10, 29 мај 2009 година


Шеснаесеттата седница на ИО на СЗПМ

## Формирани организациони одбори за спорт и за ревии

Извршниот одбор на СЗПМ на 11 мај ја одржа шеснаесеттата по ред седница на која се водеше расправа за годинашните четиринаесетти Пензионерски спортски натпревари и за седмите по ред ревии на песни, музика и игри, за што се формираа и организациони одбори.

Дискусија се водеше и по програмите на комисиите на Извршниот одбор за здравство и социјална политика, за спорт и рекреација, за културно–забавен живот, за информирање и издавачка дејност, како и на Правно–економскиот совет. Беше истакнато дека според овие програми, комисиите работат од почетокот на 2009 година и дека дел од програмските задачи веќе се остварени, а се напомна дека е потребно да се воспостави потесна соработка со соодветните работни тела во здруженијата на пензионерите. Беше речено дека програмите во текот на целата година може и е пожелно да се актуелизираат и да се надополнуваат.

Членовите на Извршниот одбор на СЗПМ беа информирани и за подготовките на состанокот со претседателите на собранијата и на извршните одбори на здруженијата на пензионерите, што треба да се одржи во јуни, при што ќе се разгледа Предлог–спогодбата помеѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ, имплементацијата на меморандумите за соработка со ЗЕЛС и со Црвен крст во општините и други актуелни прашања.

**А.Д.**

## Без трансакциска, нема пензија

На пензионерите што најдоцна до 30 јуни годинава нема да отворат трансакциска сметка во некоја од банките, нема да може да им се исплатат пензиите, соопшти Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Надлежните потсетуваат дека од 1 август годинава исплатата на пензиите ќе се врши исклучиво преку трансакциска сметка и сите корисници треба да отворат сметки заради навремена исплата на јулската и наредните пензии.

# Евроамбасадорот Ерван Фуере на свечена пензионерска средба во Скопје

Деветти мај е ден на европското семејство и на оние кои сакаат да му се приклучат. По тој повод во Клубот на пензионерите „Јане Сандански" – огранок во Општина Аеродром на Здружението на пензионерите „Кисела Вода" се одржа свечена пензионерска средба, посветена на Денот на Европа. За значењето на денот говореа Неговата Екселенција, специјалниот претставник на Европската унија и амбасадор, шеф на делегацијата во Р Македонија **Ерван Фуере** и градоначалникот на Општина Аеродром **Ивица Конески**, а како гости присуствуваа и претставници од СЗПМ на чело со претседателот Душко Шурбановски и секретарот Драги Аргировски, од СЗП на Скопје претседателот Крсто Ангеловски, раководителот на Пензионерскиот дом Аеродром Веле Стојковски, претседателите на здруженијата на пензионерите на Гази Баба, Карпош, Центар, Чаир, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода и МВР.







Фото: Томе Манов

Свеченото излагање за историскиот развој на обединувањето на Европа, евроамбасадорот Фуере го започна со потсетување на 9 мај 1950 година, кога францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман, за прв пат јавно ја изнел декларацијата и предложи основање на европска заедница. Јасно е дека до денешната бројка од 27 земји – членки не е дојдено само за еден месец ниту за една година. Преку примерот на сопствената земја Ирска, евроамбасадорот го опиша патот на проширувањето и изградбата на институциите на новата заедница. Во Ирска подготовките за зачленување започнале во средината на шеесеттите години, а како многу значајни ги нагласи интензивните активности во областа на образованието и консензусот на сите политички партии по прашањето за зачленувањето. Така, во првото проширување во 1973 година, на шесте земји основачки им се придружија уште три меѓу кои и Ирска. Потоа следуваат нови приеми во 1981 и во 1986 година, а со Договорот од Мастрикс кој стапи на сила на 1 ноември 1993 година создадена е Европската унија. Следуваат проширувања во 1995, 2004 и 2007 година. Како што се изрази амбасадорот „картата на ЕУ нема да биде комплетирана додека не бидат вклучени и преостанатите земји од Балканот вклучувајќи ја и Македонија".

Потоа со поздравни зборови се обрати градоначалникот на Општина Аеродром Ивица Конески. Тој во име на жителите на Општина Аеродром им го честита празникот на сите Европејци, изразувајќи надеж дека и Македонија многу скоро ќе стане дел од Унијата. Градоначалникот се заблагодари за поканата на Здружението на пензионерите и вети дека и понатаму ќе соработува и ќе ја дава својата поддршка за остварување на активностите, како и за подобрување на условите на секојдневното живеење во Домот на пензионерите. Тој нагласи дека ќе настојува да се исполнат сите заложби Општината да биде меѓу водечките во Република Македонија.



Претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија **Душко Шурбановски**, упати честитки за Денот на Европа и по тој повод на евроамбасадорот Ерван Фуере му врачи дел од списанијата што ги издава оваа најмасовна и најактивна пензионерска организација во нашата земја.

**Илија Глигоров**

ВО ОВОЈ БРОЈ...


НАСТАНИ стр. 2

ИНТЕРВЈУ СО ДРАГИ АРГИРОВСКИ - СЕКРЕТАР НА СЗПМ стр.4

ОДМОРАЛИШТАТА ПОДГОТВЕНИ И СО СТАРИ ЦЕНИ... стр. 5



ШИРОКА ПЛАТФОРМА ЗА СОРАБОТКА стр. 6

ХРОНИКА стр. 7



ЛЕНЧЕ КУМАНОВЧЕ - ИЗВЕДБА НА ПЕНЗИОНЕРСКА ДРАМСКА РАБОТИЛНИЦА ВО КУМАНОВО стр. 9

ИЗБОР стр. 10

ЗДРАВСТВО стр. 12

ПИСМА стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

ВИДИЦИ стр. 16



Примајте ја Вашата пензија преку Сребрен пакет во НЛБ Тутунска банка




SAVA TABAK
Акционерско друштво за осигурување

Во Здружение на пензионери – Прилеп

# Избран нов претседател



На седницата на Собранието на Здружението на пензионери во Прилеп, одржан на ден 13 мај, едногласно за претседател на собранието е избран дипл. правник **Кирил Ѓорѓиоски**, кој по пензионирањето уште во 2006 год се вклучил во стручната служба на ЗП Прилеп, како секретар, а по починувањето на Пандо Бачаноски ја обавувал функцијата вршител на должност претседател. . Според одредбите на Статутот на Здружението, тој ќе биде и претседател на Извршниот одбор на Собранието.

На поставеното прашање за целите и задачите на здружението, во период до крајот на годината новоизбраниот претседател го даде следниот одговор:

– Продолжуваме со досегашната одлична соработка со сите здруженија на пензионери во РМ, како и со СЗПМ; издвојување на финансиски сретства за хуманитарни акции, како што се: неповратна парична помош, партиципација за бањско лекување, помош за преживеани трагедии; спроведување на договорот со ЈП за стопанисување со шуми „Македонски шуми" за снабдување со огревно дрво на 850 пензионери на десет рати, како и други програмски задачи.

**Д.С.**

Здружение на пензионери Чаир

# Постигнувањата како поттик и задоволство

Последните неколку месеци во Здружението на пензионерите во Чаир изминаа во знакот на сумирање на резултатите од минатата и планирање активности за оваа година. Повеќето активности биле и се насочени кон културно–забавните средби, кон спортот, кон помошта за болните и слаби лица, кон бањското лекување, одморот и рекреацијата.

– Досега, пензионерите од Здружението учествувале и ќе учествуваат на сите општински, регионални и државни натпревари и смотри и на фолклорните и спортските, – нагласува претседателот на Здружението Перо Тагасоски.

– Нема да ја напуштиме практиката за доделување еднократна помош за најзагрозените пензионери, а секоја година праќаме по неколку пензионери на бањско лекување во бањата Катланово. И соработката со другите здруженија во земјата и во странство, како што сите сложно истакнуваат во Здружението, досега е добра, но и понатаму ќе се трудиме да ја зајакнеме и да ги збогатиме содржините и дејноста.

Од досегашните збиднувања се покажа дека носител на повеќето активности е Активот на жените, кој е еден од најревносните и во чија организација има по неколку екскурзии во годината. За таквите патувања трошоците досега беа на самото здружение, но од оваа година и е донесена одлука половина од трошоците да бидат на товар на самите учесници.

Во фокусот на вниманието се подготовките за претстојните спортски пензиоинерски натпревари, каде што членовите на Здружението ќе земат учество во сите дисциплини и очекуваат оствварување на подобри резултати и во културно–забавниот живот.



**В. Пачемски**

# Грижа за стандардот на пензионерите во Штип

Здружението на пензионери во Штип работеше мошне домаќински и ги решаваше успешно тековните проблеми во изминатиот период, рече претседателот **Михаел Кралев** во поднесениот извештај на отчетното собрание, а Младен Веселинов ја презентираше пресметката за изминатата година која заврши успешно. Потоа сите претседатели на комисии поднесоа извештај за работата на истите и програми за оваа година.

Здружението води сметка за стандардот на своите членови затоа обезбеди огревно дрво 4 200 кубни метри за пензионерите, рече секретарот **Михаил Протогеров**. Во областа на удомувањето здружението располага со дванаесет гарсониери кои се пополнуваат од загрозени пензионери. Моментално е празна една гарсониера за која е распишан конкурс, а комисијата ќе одлучи која од молбите ќе биде одобрена после посетата на пријавените. Еден голем пробелм е нивното редовно одржување, бидејќи станарите плаќаат минимална кирија. Затоа здружението одвојува средства за одржување, а е донесена одлука за обновување на покривот со лимена конструкција. Подолго време се наметнува прашањето за изградба или реконструкција на простор за удомување на загрозени пензионери. Исто така голема е потребата за изградба на геријатриски центар. Времињата се менуваат, грижата за старите изнемоштени лица не е само нивна и на нивните деца, туку и на сите институции во градот и републиката. Грижата за возрасните останува проблем што треба да се решава во семејството и институциите на градско и државно ниво. Тоа е наша и морална обврска зарем не!?

**Ц. Спасикова**

Во Здружението на пензионерите во Дебар

# Зголемена грижа за членството

Во Здружението на пензионерите во Дебар се води се поголема грижа за членството, особено со доделување помош за трајно телесно оштетување, лекување во странство, за хуманитарни потреби и друго. Во врска со оваа дејност е усвоен и Правилник за Солидарниот фонд на здружението, во кој како извори на средства се главно вратените пари од Фондот за ПИОМ за погребни трошоци во износ од 917.000 денари ,камати од орочени средства и друго.

Како што ни рече претседателот на здружението на пензионерите **Бесник Поцеста**, корисници на овие средства можат да бидат пензионери со најмалку шест месечно членство како и нивни брачни другари осигурани преку солидарниот фонд на здружението. За настаната трајна неспособност и потребата за нега од друго лице здужението доделува еднократна парична помош во износ од 4.000 денари, додека пак доколку членот пензионер има потреба за лекување во странство му се доделува парична помош во висина од 6.000 денари. Помош по основ на болничко лекување им се доделува на корисниците на име партиципација и тоа 50 насто од платениот износ, но не поголема од 3.000 денари, додека пак за набавка на ортопедски и други помагала на корисниците им се доделуваат средства не поголеми од 4.000 денари. Поради настаната материјална штета од поголем обем како последица од елементарни неприлики на членот на здржението му се доделува еднократна парична помош по висина од 10 илјади денари. Исто така здружението по 2.000 денари ќе доделува на секој корисник на бањско лекување. Со износ од илјада денари се стимулира и посета на членови кои се на домашно или стационарно лекување. Треба да се истакне, вели претседателот Поцеста, дека за користење на овие средства се заинтересирани голем број на членови на пензионерската организација.

**Вјолца Садику**



Петта седница на Собранието на Здружението на пензионерите Ѓорче Петров

# Пред нови значајни задачи

Собранието на Здружението на пензионерите Ѓорче Петров, со кое раководеше претседателот примариус **д-р Јован Тасевски**, на својата петта седница даде позитивен отчет за минатогодишната работа, а усвои и програма за активности во тековната година. Извештај за работата на Извршниот одбор за 2008 година поднесе претседателот на одборот **Методија Новковски**, укажувајќи на потребата од натамошен развој на ограноците, на клубовите на пензионерите, на информирањето и на други дејности.Во здружението има шест ограноци, од кои во три нема елементарни услови за работа и се чувствува недоволно ангажирање на поширокото членство. Иако е формирано пред осум години се уште има проблеми со користењето на Домот на пензионерите во Ѓорче Петров, нема комплетна евиденција на членството, делбениот биланс со ЗП Карпош не е реализиран, а со сето тоа се јавува и недостиг на финансиски средства за планираните активности. Новковки ја истакна успешната работа на комисиите за здравство, културно–забавен живот, спорт и рекреација и дека се организирани повеќе излети на кои учествувале околу илјада пензионери.



Во дискусијата учествуваа **Дафина Петровска, Крсто Тренчевски, Љубинко Ристов, Лилјана Угриновска, Фарук Асановски, д-р Новица Вељановски, Цветко Михајловски, Крсто Златевски, Методија Тошевски и Јован Петрушевски**, кои главно се задржаа на наредните значајни задачи за уште подобра соработка со локалната самоуправа, создавање услови на постојните и формирање нови ограноци, за поефикасна работа, за нов Статут, за обединување со паралелното здружение на пензионери во општината и слично. Учествувајќи во дискусијата секретарот на СЗПМ **Драги Аргировски** го истакна значењето на соработката со локалната самоуправа, со Црвениот крст и со други невладини организации за поголема грижа кон старите лица, а даде акцент и на потребата од натамошно подобрување на информирањето на членството, што ќе биде и поттик за нивно поактивно учество во сите планирани активности, со што се добива и подобар квалитет.

**А.Д.**

Втора седница на Издавачкиот совет на весникот „Пензионер плус"

# Позитивни оцени за весникот

На ден 15.05.2009 година Издавачкиот совет на весникот „Пензионер плус" под претседателство на Душко Шурбановски,одржа седница на која беше оценето досегашното излегување на весникот, како и финансиските извори за неговото печатење. На седницата покрај членовите на Издавачкиот совет присуствуваше и претставникот на „Проект Развој Македонија" Ѓоко Трајкоски, кој поднесе информација за состојбите со финансирањето на весникот.

Во целокупната дискусија беше истакнато дека весникот е многу добро примен од читателите, од Здруженијата на пензионери на СЗПМ и од другите сојузи, како и од граѓаните во земјата и надвор од неа. Се смета дека постојат можности истиот да биде побогат и посодржаен. Во весникот повеќе да се пишува и за помалите здруженија, со цел истите да се поттикнат на поголема активност.

**К.С.А.**

# “ОД ЛАБОРАТОРИЈАТА НА САРАВИТА”

СЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО НАШИОТ ОРГАНИЗАМ Е ПРОИЗВОД НА МОЗОКОТ. ЗАТОА НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ ТОЈ ДА СТАРЕЕ

А жлездите со внатрешно лачење,и ензимите спретно раководат со производството на хормоните. На тие сознанија проткаени со традиционалните и научните искуства се темелат рецептурите на Пергамелот.,,

**Храната** мора да биде жива,, зборуваше д-р Норман Вокер творецот на тарапиите со здрава исхрана. Овај голем научник живеел 118 год. (1866-1984) што претставува најголема потврда и доказ за користа од добро избалансирана не процесирана храна. Со неговите научни докази и потврди тој стана светски признат лидер на нутриционизмот. Д-р Вокер стана светцки популарен од Америка до Европа не само што живееше 118 год.туку и по тоа што користеќи ги принципите на корista од ензимите содржани во **пергата** сопствената виталност ја потврди со тоа што **повторно се ожени на 102 год. и стана татко** а умре кога неговиот син наврши 16 години.Многу корисници на Пергамел Мен го изодуваат истиот пат.А Вие?

**ПЕРГАМЕЛ МЕН – Пергамел збогатен со традиционални и природни афродизијаци од нашето еколошко поднебје**

## Идеално природно решение за проблемот на Потенцијата,Андропаузата И Простатата кај Мажите



Мажите во поодминати години притиснати од динамиката на современото живеење - изложени на големи обврски и притисоци, како на работното место така и во приватниот живот, многу подрастично ги чувствуваат промените во организмот. Последица на тоа е нагло паѓање излачувањето на машкиот хормон тестостерон и андостерон,при што се јавува нервоза несоница и исцрпеност, тешки проблеми со простата и сексуални потешкотии.
Сега иамате можност да го пробате ПЕРГАМЕЛ МЕН.
Во ПЕРГАТА се содржани андрогени и естрогени материи како што се флавоноиди и фитостерини, кои играат важна улога во сексуалната функција.
Ензимите продолжено продуцираат хормонски супстанции слични на човечките хормони. Така Пергата позитивно делува на хормоналниот статус на мажите во андропаузата.
Научните докази потврдуваат дека со конзумирањето на Пергата и другите природни состојци во Пергамел Мен се подобрува ерекцијата квалитетот и квантитетот на спермата, и постепено се враќа снажната потенција и чувството за уживање во љубовта.

## ПЕРГАМЕЛ - со феноменот Фруктозен Парадокс ѓи помага да ги топите килограмите додека спиете

Потикнетего телото само да слбее.
Одговорот е како да се симнат килограмитее здраво и без тортура на телото го даваат Природата и човековиот организам. Користењето на Пергамел е вистинскиот начин како да се постигне ефектот што експертите го нарекуваат Фруктозен Пардокс. А тој всушност е најсилното оружје во битката со вишокот килограми.
Организмот ја обавува својата исцелителна функција во најголема мера кога спиете. Долго стекнатите навики тешко се менуваат. Затоа појдовме од фактот дека сите генијални решенија се едноставни,Така го создадовме Пергамел чии состојки се така избалансирани што можеат да им помогнат на сите кои имаат прекумерна тежина здраво и безбедно да ослабат а при тоа нормално да се хранат без непотребно физичко малтретирање. Експертите тоа го нарекуваат Фруктозен Парадохс.
Пергамелот станува храна за мозокот. Пергамелот на најдобар начин додека спиете вашето масно ткиво го претвора во корисна енергија . Енергија која ќе се трансформира во бодрост и која спонтано ќе ве префрли на другиот колосек по кои енергично ќе се движите. Во оптимални услови, за една ноќ црниот дроб по барање на мозокот може да повлече и да преработи и до 140гр.масти.Затоа се што е повеќе е нездраво.
Ведрината која ќе ја добиете потоа ја кажуваат тие што ја почувствувале моќта на Пергамелот.



## ПЕРГАМЕЛ ФОРТЕ - Безризичен природен Естроген без споредни последици



Добра вест за сите жени во ризичните години потврдена од свеските научни кругови на последниот на последниот конгрес за проблемите во Менопауза оджан во Њујорк. Сега имате потполно природна алтернатива **ПЕРГАМЕЛ ФОРТЕ** .

Заборaвeтеги вештачките хормонски апчиња и останати препарати Пробајте чист природен естроген кој не предизвикува никакви споредни последици. Тоа се хормонски супсатанции проткаени со

**Пергамел Форте се препорачува на сите жени после четириесетата, како секојдневен додаток во исхраната но ден порано е подобро, и е природно решение за ублажување на тегобите во менопаузата.**

НАРАЧАЈТЕ ВО СЕКОЕ ВРЕМЕ НА ТЕЛ:
**046/521-222 02/3112836**
**076/450-746 077/869-863 070/975-640**
ВО АПТЕКИТЕ И ПРОДАВНИЦИТЕ ЗА ЗДРАВА ХРАНА
**www.saravita.com.mk** skype sara-vita

Средба со повод со Драги Аргировски, нов секретар на ИО на СЗПМ

# Ветераните на трудот заслужуваат да имаат подобри услови за живот и за активности

**● Најпрвин, колега Аргировски, дозволете ми да Ви го честитам изборот за нов секретар на СЗПМ и да Ви посакам успех во работата на новата функција, која ќе биде во интерес на сите пензионери во нашата земја.**

– Благодарам на желбите. Пред сè да кажам неколку збора за мојот избор. Собранието на СЗПМ на 16 март одржа седница со давање отчет за минатогодишната успешна работа и за задачите во 2009 година, притоа бев едногласно избран за член на Извршниот одбор, а Одборот, на посебна седница, едногласно ме избра за секретар. Да гласаат сите 58 членови на Собранието за мојот избор е за почит и за незаборав, но и одговорност и обврска за натамошен мој ангажман за уште поголеми и поплодни активности на СЗПМ.

**● Изборот е еден вид и признание и сатисфакција за досегашната неколкугодишна активност во пензионерската организација, во кој период значително се подобри информирањето со афирмацијата на активностите и проблемите во животот на пензионерите во нашата земја. Изборот на оваа функција доаѓа и како признание за вложениот труд.**

– Да, преку весникот и преку другите активности покажав дека ја сакам оваа организација и настојувам таа навистина да си го добие своето право место во Државата.

**● Колега Аргировски, овој разговор нека биде своевидна промоција за Вашата ангажираност на новата функција. Во таа насока Ве молам да не запознаете со планираните активности на оваа најбројна пензионерска организација во нашата земја.**

– Првото тримесечје, главно мина во одржување отчетни седници на здруженијата на пензионерите за она што е сторено во минатата година и за усвојување програми за активностите во 2009 година, кои се амбициозни, но остварливи. Интензивната активност продолжи и во април и мај, кога меѓу другото, делегација на СЗПМ беше на разговор кај директорот на Фондот на ПИОМ **Исни Јакупи**, беше остварена и средба со новиот градоначалник на Скопје, **Коце Трајановски** и со амбасадорот на Европската унија, **Ерван Фуере**.

На средбата во Фондот беше изразена подготвеност за соработка за сите актуелни прашања на пензионерите, проблемите да се решаваат благовремено, да се ажурира евиденцијата и да се дефинираат и другите задачи, особено обврските на Фондот и на Сојузот во врска со Солидарниот фонд и со членарината, за што треба да се потпише Спогодба меѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ.



Во секојдневното дејствување на функцијата, во фокусот се прашања од пошироко значење и интерес за пензионерите во Државата, за натамошно зголемување на пензиите и квалитетот на животот, бидејќи во транзицијата покрај невработените и стечајците, најпогодени се пензионерите на кои им беа укинати неколку значајни стекнати права на бесплатно лекување, бенефиции при летување и слично. Со самото тоа што погребниците за починати пензионери се исплаќааат во подрачните единици на Фондот на ПИОМ, во сите здруженија на пензионерите, се создаде можност за зголемување на активностите, за побрз развој на базичното дејствување и за зголемена грижа за членовите и воопшто за старите луѓе. Битно е, според Статутот на СЗПМ, многу повеќе да се придонесува и во унапредувањето на системот на организирањето и усовршувањето на методот и содржината на работата на здруженијата, за што имав средба со десетина претседатели на пензионерските организации, како и со непосредното членство.

**● Минатата година во мај беше потпишан „Меморандум за соработка помеѓу СЗПМ и ЗЕЛС". Како се реализира оваа соработка?**

Споменатиот Меморандум свечено беше потпишан на 9 мај 2008 година и наиде на посебен интерес кај здруженијата на пензионерите и во единиците на локалната самоуправа. Пензионерите се значаен дел од жителите на секоја општина. Веќе се потпишани неколку спогодби за конкретна соработка помеѓу новоизбраните градоначалници и здруженијата на пензионерите за реализација на владината програма за изградба на домови на пензионерите, отворање нови клубови и за друга непосредна ангажираност. Секако, ветераните на трудот заслужуваат да имаат подобри услови за живот и за активности. Деновиве тоа беше констатирано и на средбата кај градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, при потпишувањето на спогодбата за соработка со Градскиот сојуз на СЗП. Значајно е што во спогодбата што се потпиша помеѓу градоначалникот на Општина „Центар" и соодветното здружение на пензионерите беше утврдена изградба на дом на пензионери, за што во градот има голема потреба. Слични активности се преземаат и во повеќе градови во нашата земја, во Прилеп, Кочани, Охрид, Крива Паланка и други. Се смета дека нема да има здружение на пензионери, кое не е заинтересирано за потпишување за ваква спогодба во која се дефинираат задачите на единицата на локалната самоуправа, што интерактивно ќе дејствува и на поттикнување на пензионерските активности.

Во фокусот е и имплементацијата и на Меморандумот за соработка со Црвениот крст на Македонија, особено за зголемување на грижата за стари лица, за што соодветен придонес треба да даде и очекуваната владина програма за отворање на центри за дневен престој. Ќе се настојува оваа соработка во наредните месеци да се интензивира. Во овој период се прават напори и за подобрување на соработката со трите Сојузи, во кои членуваат инвалидски пензионери. Проблеми има и тие треба да се решаваат, а со тоа ќе се овозможи подобра примена на законските одредби.

**● Добра можност е да се информираме и за активностите на пензионерите на спортски и културен план?**

Секако, мај и јуни се месеци што минуваат во знакот на спортските пензионерски натпревари и на фолклорните ревии. И годинава СЗПМ е организатор на осум регионални спортски натпревари, а домаќини се на 29 мај ЗП Центар – Скопје, 30 мај ЗП Кавадарци, 31 мај ЗП Ѓорче Петров, на 11 јуни ЗП Ново Село. На 13 јуни ќе се одржат три регионални средби во Охрид, Злетово и Виница, а на 14 јуни во Крушево. На овие регионални спортски игри учествуваат голем број пензионерки и пензионери, натпреварувајќи се во девет традиционални спортски дисциплини: стрелаштво, пикадо, шах, тегнење јаже, фрлање ѓуле, трчање, скок од место, домино и табла, а годинава и во двобој за жени и тробој за мажи. Како круна на општинските и регионалните натпревари на 26 септември ќе се одржат 14–тите Републички пензионерски спортски игри, со учество на околу илјада пензионерки и пензионери. Од нив, околу 400 ќе се натпреваруваат со срце и душа да освојат бронзен, сребрен или златен медал, но важно е да се учествува, а нека победат најдобрите и најподготвените.

При крајот на јуни, почетокот на јули и во сптември, СЗПМ ќе ги организира и седмите по ред Ревии на песни, музика и игри. Ќе се одржат пет регионални ревии во Пробиштип, Тетово, Крушево, Кавадарци и Виница. На сите нив се очекува да учествуваат над 35 здруженија на пензионери и со своите богати програми на изворни и староградски песни и ора, да придонесат за обновување и за збогатување на фолклорното богатство во нашата земја, како траен белег на нашиот идентитет. За успешно организирање на спортските натпревари и за ревиите, Извршниот одбор на СЗПМ деновиве формираше два организациони одбори.

Спортските натпревари и ревиите, како и средбите на активите на жените – пензионерки и екскурзиите, значително придонесуваат за создавање незаборавна атмосфера на пензионерски пријателства и дружења, на среќни мигови за надминување на монотонијата, што е добро за здравјето и збогатување на квалитетот на живеење на пензионерите.

**● Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се нагласува и потребата од културни самодејности, изложби на домашни ракотворби, на цртежи и други ликовни творби, на нови книги создадени во трета доба и слично. Неодамна кумановските пензионери имаа и драмска изведба на „Ленче кумановче". Тоа беше за прв пат, една пензионерска организација да подготви и да реализира еден ваков проект со високи квалитети. Вие бевте дел од многубројната публика. Како го доживеавте овој настан?**

– За нас пензионерите, па и пошироко, тоа навистина беше значаен настан. Со посебен восхит ја следевме изведбата на „Ленче кумановче" од драмскиот писател и академик Васил Иљоски, кој е еден од основоположниците на современото македонско драмско творештво, а текстот на кумановски дијалект го има напишано како професор на гимназијата во Куманово. Секако за мене како кумановец, близок ми е тој дијалект, но ги познавам и аматерите што ја изведоа оваа успешна претстава. Меѓу нив има и мои школски другари и бев пријатно изненаден од нивните актерски квалитети. Сите тие за прв пат се на шпиците што значат живот, но сосема малку се разликуваа во остварувањето на улогите од професионалците. Со голем труд и љубов ја подготвија оваа претстава. Аплаузот од околу илјада посетители во салата на Центарот на културата во Куманово, беше најдобра потврда за тоа. Додека траеше претставата ја забележав и реакцијата на претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски кој е еден од главните иницијатори за пензионерски културни самодејности и за формирање драмски секции. Тој беше воодушевен и како да се подмлади покрај една таква и толку добро изведена претстава.

Со оваа претстава на 25 мај Драмската аматерска работилница при пензионерското КУД „Ѓоко Симоновски" со очекуван успех, учествуваше и на 45–тиот Меѓународен драмски аматерски фестивал во Кочани.

Со „Ленче кумановче" се очекува кумановските пензионери да гостуваат и во Скопје и во други градови на нашата земја.

**● Покрај тоа што сте секретар на СЗПМ, Вие колега Аргировски, сте и заменик-главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус" и претседател на Комисијата за информирање и издавачка дејност. Какво е значењето на информирањето на пензионерите?**

Деновиве излегува десеттиот јубилеен број на весникот „Пензионер плус". Тоа е прв пат во шестдеценисказа историја на пензионерската организација во нашата земја, пензионерите да имаат свој посебен весник. Со тоа се пополни една празнина во информативниот простор. Во весникот се афирмираат активностите, но и проблемите на околу 274.000 пензионери во Република Македонија и со тоа се врши и информативен притисок за поттикнување на активностите, но и за решавање на проблемите, за зголемување на пензии и подобрување на условите за живеење и за дејствување. Поради тоа треба да се изнајдат можности не само за редовно излегување на "Пензионер плус", туку и за зголемување на тиражот. Многуројноста на оваа популација и проблемите со кои се соочува, тоа секако го заслужува.

Разговорот го водеше
**Цветанка Илиева**

# Посета на Пустец - Албанија

Жените пензионерки, покрај тоа што се главен столб на семејството, тие се и борци во секој поглед, исчеличени и оплеменети кои настојуваат да постигнат што повеќе во животот. Искуството го прави човекот, а духовното се надополнува. Такви се и жените пензионерки од клубот во Бутел, предводени од претседателката, неуморната **Нада Давчева**. Решија, се договорија и остварија. За нив границите не се пречка.

На осми мај отидоа да го посетат Здружението на пензионери во Општина Пустец, Албанија. Превозот им го обезбеди Општината Бутел, книги за жителите од Пустец и Голо Брдо обезбеди Снежана Клинчароска и Здружението на пензионерите од Чаир, а помош во алишта претставничката од „Зонта". Но да не ги заборавиме и жените кои беа на посета. Секоја донираше алишта и разни други нешта.

„Никогаш не сме биле во Пустец и бевме многу љубопитни како изгледа, се разбира и да го освежиме духот со запознавање на нови места и нови луѓе. Воопшто не ги почувствувавме поминатите километри и за умор место немаше. Патувавме дење па можевме да уживаме во убавините на пролетта. Сè наоколу беше зелено и расцветано... Уживање... Бајка...", раскажува претседателката Давчева.



„Не пречекаа, вели таа, жените со претседателката Елена Колеска. Почувствувавме дека во нивното друштво убаво ќе се чувствуваме. Сите беа воодушевени од нашето пристигнување и кај нив бликаше радост и среќа, а од устите им излегуваа мили и топли зборови. Посетивме едно училиште и една црква, а потоа отидовме во Општината каде што не пречека градоначалникот Едмонд Темелко.

Како врв на оваа посета е договорот за натамошна соработка. На крај средбата се круниса со заеднички ручек, музика и веселба

**Васил Пачемски**

# Достоинствен живот на возрасните



Со овие зборови започнува поднасловот на „Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2008–2012 година" усвоена на седницаста на Собранието на РМ на 26.7.2008 година, по предлог на мандаторот за составот на Владата, по одржаните вонредни парламентарни избори во 2008 година.

Радува фактот што Собранието на РМ ја усвои оваа определба на мандаторот, што е од интерес на граѓаните од постарата популација, односно од третата доба, во која најбројни се „Ветераните на трудот" како што милуваат да се нарекуваат пензионерите.

Програмата оценува дека: „Квалитетот на животот на возрасните луѓе е показател на развиеноста и солидарноста на нашето општество". Мерките што Владата ќе ги реализира во наредниот четиригодишен период во насока на подобрување на квалитетот на живеење на возрасните луѓе се:

– Реализација на најавеното зголемување на пензиите од околу 30% за најниските пензии и околу 20% за највисоките, вклучувајќи го и порастот од јануари 2008 година, а ќе ги разгледа и можностите и за понатаму.

– Отворање на социјални сервиси за стари и изнемоштени лица.

Пензионерите со нетрпение очекуваат најавените определби на Владата, „парафирани" и од Собранието на Република Македонија, да почнат да се остваруваат. Со најавеното зголемување на пензиите донекаде ќе се намали расчекорот помеѓу просечните пензии и просечните плати. И овој пат ќе потсетиме дека во транзициониот период овој сооднос катастрофално се наруши. Постарите пензионери помнат дека во 1992 година просечните пензии на сите категории корисници на пензија изнесуваа 79 % во однос на просечните плати, а денес (месец април 2009) тие паднаа, и покрај минатогодишната интервенција на Владата, на 5%. Просечната нето–плата изнесува над 19.600 ден. а просечна пензија 9.860 ден.

Определбите на Владата содржани во „Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2008–2012 година" поцелосно ќе се остварат со примена на следните мерки и политики за заштита на старата популација граѓани:

• Вградување во Законот за социјална заштита посебен дел за социјалната заштита на старите лица, а за такви се сметаат постарите од 65 години, кои според последниот попис на населението, изнесуваа над 10,50% од вкупниот број на граѓани во Државата, односно над 210.000 од кои половина не се корисници на пензија. Колкав е бројот на тие кои примаат месечна постојана парична помош не е утврдено. Затоа органите на СЗПМ сметаат дека со Законот треба да се утврди право на "социјална државна пензија" за оние кои немаат средства за живот, во висина која ќе обезбедува егзистенцијална сигурност на старите лица. Ќе се намали бројот на материјално незгрижени стари лица и со намалување на најмалиот број години пензиски стаж потребни за остварување право на пензија, од сегашните 15 години на 5 години. Оваа категорија постари граѓани од 65 години, ќе остварат барем минимален износ на пензија кој би бил сразмерен на пензискиот стаж. На оние пак, со понизок пензиски стаж од 5 години, да им се врати уплатениот придонес за пензиско осигурување.

• Со Закон за локалната самоуправа да се пропише обврска за единиците на локалната самоуправа, со програма да предвидат мерки, односно форми на згрижување на стари, изнемоштени и сами граѓани на општината, пред сè услови за обезбедување на домување на оваа популација граѓани на општината. Основа за оваа мерка е создадена со потпишување на „Меморандумот за соработка" помеѓу Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ), но ваква обврска треба да се создаде и со Закон на Државата.

• Со Закон треба да се утврди систем на „мориторинг" над пензионерските домови и домовите за стари лица за нивно инвестиционо и тековно одржување.

• Да се создаде систем на поттикнување на единиците на локалната самоуправа за подобрување на квалитетот на живеење на старите лица во руралните средини, со обновување на сообраќајната инфраструктура, отворање на здравствени амбуланти, народни кујни, сервиси за разни услуги на старите и изнемоштени жители во овие подрачја и право на бесплатен локален сообраќај.

• Центри за дневен престој на старите лица да се отвораат во руралните подрачја во кои ќе им се обезбеди топол оброк, здравствена помош, давање здравствена терапија; инјекции, мерење шеќер во крвта, крвен притисок и друго.

• Со Закон да се пропише ослободување од партиципација за користење лекови и лекување во здравствени установи, обезбедување патронажна служба со домашна посета од лекар, отворање мали геријатриски центри, зајакнување на формата на згрижување во семејства на сами стари и изнемоштени лица, зголемување на опфатот во рехабилитациони центри итн.

• За остварување на предвидувањата со Програмата на Владата треба што поскоро да се донесе „Стратегија за социјална заштита на старите, сами и болни граѓани". При тоа треба да им се овозможи учество во изготвување на истата на невладините организации пред се на пензионерските асоцијации и инвалидските здруженија Црвениот крст и други хуманитарни организации.

Сите овие мерки би го кренале нивото на достоинствен живот на повозрасните, кои тоа го заслужуваат заради нивниот претходен придонес во општеството.

**Душко Шурбановски**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Одморалиштата - подготвени и со стари цени...

*Напорите што се вложуваат годинава, а се насочени кон зачувувањето на стандардот на нашите пензионери, не е ништо друго туку достоен одговор на светската економска криза*

Фактот дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во изминатите години подигна повеќе (значајни) објекти наменети за пензионерите, ни дава за право да речеме дека и оваа година, се вложуваат дополнителни напори сè со цел – зачувувањето на стандардот на оние што веќе се во пензија. Во поткрепа на погорното становиште доаѓа податокот дека Фондот на ПИОМ располага со 13 пензионерски домови, кои ги користат над 460 станари – пензионери. Кон погорните податоци кои, исто така, се однесуваат на животот на пензионерите во Република Македонија е и тоа дека Фондот на ПИОМ располага и со три одморалишта за пензионери, кои се користат за одмор и рекреација.

Имајќи го во предвид фактот дека глобалната економска криза се одразува секаде, па и кај нас, а со цел да се заштити стандардот на пензионерите, одлучено е и овогодишните пансионски услуги во пензионерските одморалишта да останат непроменети, односно се задржани цените од минатата година.

Така, на пример, во пензионерското одморалиште "Перо Стојановски" во Катланово и во пензионерското одморалиште во населбата Претор и оваа година пензионерите ќе може да се одмораат (најчесто десет дена) по минатогодишните цени од 600 денари, додека пак, во пензионерското одморалиште „Спиро Захов" во Банско, Струмичко, цената е, исто така, непроменета од лани и изнесува 700 денари. Кога сме веќе кај цените, да ги додадеме уште и овие податоци: во трокреветна соба, цената е пониска за 10%, што недвосмислено покажува дека и ова лето на нашите пензионери им се пружаат убави можности, дел од својот одмор да го проведат во пензионерските одморалишта...

Но, не е во прашање само задржувањето на минатогодишните цени за пансионски услуги и сместувањето, туку од управите на овие пензионерски одморалишта се вложени дополнителни напори, да се подобрат условите за престој во нив. Според зборовите на **Љубен Вељаноски**, раководител на Одделението за стопанисување со имотот на Фондот и општествениот стандард на корисниците на пензија, во Фондот на ПИОМ, и годинава се вложуваат напори одморалиштата да бидат во кондиција, а тоа значи уредени, за што на истите им се одобруваат позајмици за подобрување на условите за одмор, како и фактот економската криза да не се одрази на пензионерскиот џеб, за што е прифатено годинава да се задржат минатогодишните цени на услугите. Со тоа, истакнува **Јана Јанковска**, стручен соработник за стопанисување со имотот на Фондот, се надеваме дека ќе го постигнеме и зголемиме интересот, но и задоволството на пензионерите да се одмораат по ланските цени. Тоа е уште еден прилог на сите субјекти во нашата држава, да се овозможат услови пензионерите да го поминат и ова лето убаво, а од друга страна да се зачува нивниот стандард.

Од сето тоа произлегува дека Фондот на ПИОМ како и до сега, така и во иднина ќе вложува секогаш нови напори да ги задоволи пензионерите, а нивна обврска пак, е доколку сакаат вистински да се одморат, да се пријават во овие три пензионерски одморалишта...

**М-р. С. Кутузовска**

Гевгелија

# Активностите продолжуваат со зголемен интензитет



Здружението на пензионери од општина Гевгелија има над 3.300 членови и повеќето од нив се вклучени во активностите.

– Во минатата година, ги реализиравме планираните задачи во сите сфери од работењето, целосно сум задоволен, а желба ми е годинашниве резултати да бидат уште подобри. Кога го велам ова, пред се мислам на натамошно рационално финансиско работење со зголемени активности. Мошне значајни се и посетите во нашите огранoци во населените места, а посебно во Миравци на културната манифестација Ѓуро Мара – вели, претседателот на ЗП **Драгиша Јовановиќ**.

Деновиве Гевгелија, беше успешен домаќин на годинашна пензионерска средба насловена како „Пензионерите пеат 2009" со учество на пејачки групи од Прилеп, Кавадарци, Неготино, Валандово, Битола, Гевгелија и Богданци.

Преполнетата сала во Пионерскиот дом во Гевгелија често ги поздравуваше со аплаузи изведувачите на прекрасните веќе подзаборавени македонски народни песни, интерпретирани од забележителни музички состави. Посебно впечаток остави соло пеачката Трајанка Петревска од Прилеп, чиј ангелски глас ги растрепери срцата на сите гости и гледачи. За одбележување е и изведбата на пејачката група од гевгелиското село Миравци, која настапи со традиционалните свилени носии, кои веќе сè поретко ги има во земјава.



Убавото и сончево време и пазарниот ден во Гевгелија овозможи гостите да го посетат познатото гевгелиско пазариште и спомен обележјата, а средбата заврши со заедничко дружење во хотелот Пелагонија.

**Како функционира Активот на жените пензионерки?**

– Извонредно, со многу активности, предвидени со програмата во текот на целата година во која видно место има пејачката група "Сава Михајлов". Се одржуваат и предавања од областа на здравството, соработка со невладините организации, посета на болни и изнемоштени пензионери. Здружението и понатаму продолжува со делувањето на прехрамбени артикли на болни и осамени пензионери. Во гевгелиското здружение во тек се и спортски активности за престојните регионални натпревари во Кавадарци.

**Т. Кусеников**

ПЕНЗИОНЕР плус

Весник за сегашните и за идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година II – број 10 – мај 2009 год.

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:
**Душко Шурбановски** (претседател)
Андон Марковски
Ѓорѓи Серафимов
Нурие Кадриу
Ѓорѓи Трпчески
Гидо Бојчевски
Чедо Георгиевски и
Драги Аргировски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Чедо Георгиевски**
Главен и одговорен уредник;
**Драги Аргировски**
заменик главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Калина Сливовска Андонова, уредник;
Иванчо Кузмановски,
Костадинка Кајмаковска,
Цветанка Илиева,
Хисен Шакири
**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ "12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390
Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Проект Развој Македонија**

**тел. 02 321 3227**
**E-mail: prm@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
ПРМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

Д-р Крсте Ангеловски, претседател на Сојузот на ЗП на Скопје

# Широка платформа за соработка

**Г-дине Ангеловски, Вие со градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, на 23 април оваа година потпишавте Спогодба за соработка помеѓу Градот и Сојузот на ЗП на Скопје. Врз кои основи се темели Спогодбата и што, всушност, таа претставува?**







Токму така, на 23 април беше свечено потпишана Спогодба за соработка помеѓу градот Скопје и Градскиот сојуз на ЗП, како и општината „Центар" и соодветното здружение на пензионери. Спогодбите ги потпишаа: за градот Скопје, градоначалникот **Коце Трајановски**, за општина „Центар" градоначалникот **Владимир Тодоровиќ**, а од страна на пензионерите, претседателот на ИО на ЗП „Центар" **Павле Спасев** и јас како претседател на Градската пензионерска организација.

Во Република Македонија во тек е потпишувањето спогодби за соработка на здруженијата на пензионери членки на СЗПМ и општините како единици на локалната самоуправа. Основа за ова потпишување претставува Меморандумот склучен помеѓу ЗЕЛС и СЗПМ на 9-ти мај 2008 година. Со оваа Спогодба првпат општинското здружение на пензионери се третира како партнер во соработката со општината. Спогодбата заедно со Годишната програма, всушност, претставуваат платформа за соработка помеѓу двете страни и ги опфаќа основните содржини, облици и методи на меѓусебна соработка. Како таква, таа може да се приспособува на конкретните потреби и услови на Општината и отворена е за вклучување на други субјекти, како што се: „Црвениот крст", „Еколошкото друштво", Советот за безбедност на сообраќајот и други.

**Кои позначајни содржини, облици и методи на соработка се предвидуваат во спогодбите помеѓу здруженијата на пензионери и општините?**

Во спогодбите за соработка помеѓу здруженијата на пензионери и општините и на ниво на Градскиот сојуз на ЗП и градот Скопје, назначени се основните содржини, облици и методи на соработка. Како позначајни можат да се издвојат следните:

– Изградба на пензионерски и старечки домови (во Скопје два од кои еден во „Центар") на принцип на јавно-приватно партнерство;

– Прераснување на постојните пензионерски домова во модерни центри за заедничко дружење, за негување на културно-забавни, рекреативно-спортски, литературни, едукативно-здравствени и други активности и манифестации, не само за пензионерите – корисници на Домот, туку и за други заинтересирани граѓани;

– Пружање соодветна помош за подобрување на условите за одмор и рекреација во Домот во Катланово и по потреба за користење на дел од капацитетот од пензионери и од други лица, посебно социјално загрозени и со нарушено здравје;

– Ќе се преземат активности за интензивирање на работата на Универзитетот „Трето доба" како организиран облик за доживотно учење и активен здрав живот во трето доба и активирање на пензионерите преку активи на жени , збогатување на формите за информирање и со заеднички изданија и друго.

– Учество на пензионерите во работата на органите и телата на јавните претпријатија (УО, училишни одбори, комисии и друго) во изготвување и реализација на одредени проекти;

– Бенефиции на пензионерите над одредена возраст во јавниот градски сообраќај и заедничко организирање сообраќајни патроли за побезбедно минување на улиците од страна на учениците и други лица со посебни потреби;



– Развој на облици на рурален туризам и еколошки акции;

– Одржување на културно-историски споменици, паркови, игралишта, одбележување на државни и други празници;

– Учество во акции и активности од поширок и јавен интерес (пошумување, уредување на природата и човековата средина и друго);

– Организирање на заеднички манифестации од културно-забавен и рекреативен карактер (хор, фолклорни групи, литературни настани, изложби на ракотворби) и така натаму.

**За кои содржини, облици и методи на соработка станува збор во спогодбите за уште пониско ниво, помеѓу ограноците и урбаните заедници?**

И за ова ниво на сореботка помеѓу ограноците и УЗ во спогодбите се предвидени повеќе содржини, облици и методи од кои ќе ги истакнам позначајните: Заедничко програмирање на дел од активностите: евиденција на стари беспомошни, хронично болни и други лица, пружање организирана помош на истите, снабдување со лекарства, програмирано користење на просториите за активностите на членовите на ограноците и на УЗ, обезбедување соодветен простор за отворање клубови за дневен престој и рекреација на пензионерите и друго.

**Какви активности ќе преземе Градскиот сојуз на ЗП и градот Скопје за да се имплементираат спогодбите во практика?**

Со цел договорената соработка да не се претвори во краткорочна кампања, туку да има долгорочен карактер, се предвидува основање на посебно тело составено на паритетна основа од двете страни – потписнички на Спогодбата, кое ќе следи, координира и поттикнува, ќе презема и предлага мерки за развој и унапредување на соработката и доградување на Спогодбата. Бездруго, овде уште еднаш сакам да нагласам дека со Спогодбата се поставени основите за соработка помеѓу здруженијата на пензионерите и единиците на локалната самоуправа и создадени се соодветни предуслови за реализација на предвидените содржини и активности. Со заедничко ангажирање и воспоставување практични форми и механизми на дејствување, треба да се постигне подобрување на квалитетот на живот на пензионерите, како и на условите за функционирање на здруженијата на пензионерите во Република Македонија заради обезбедување вклученост на ЗП како граѓански организации, особено во делот на идентификацијата и решавањето на проблемите. СЗП на Македонија и на градот Скопје имаат потенцијал и се подготвени за успешно реализирање на содржините на Спогодбата и програмските определби на здруженијата на пензионерите. Затоа, координацијата и соработката на општините со пензионмерските здруженија навистина треба се повеќе да зајакнува.

**Мендо Димовски**

Здружение на пензионери Шуто Оризари

# Мала надеж за просторниот проблем

Желбата на многуте пензионери од Општина Шуто Оризари да имаат свое здружение и катче кое е од интерес на сегашните и на идните пензионери каде што во пријатна атмосфера, забавувајќи се, ќе го поминуваат своето слободно време, се оствари во 2008 година, кога одвојувајќи се од ЗП „Чаир", каде што беа како огранок, формираа свое Здружение, а пред неколку месеци се и во составот на СЗПМ. Повеќето од членството во ова Здружение се од ромска националност, а мал број се од другите националности и од другите етнички заедници. Како новоформирано здружение, постојано доаѓаат, ги посетуваат, се интересираат и се зачленуваат нови пензионери со што секојдневно бројот на членството се зголемува.



– Имаме своја годишна програма и сите активности се одвиваат периодично, – ни рече **Ариф Бекир**, претседател на ЗП од Шуто Оризари. – Се собираме постојано со нашите членови пензионери и ги информираме за програмските активности на Здружението и пошироко. Имаме предвидено активности речиси за сите празници, како за религиозните така и за државните.

Продолжувајќи го разговорот, на нашето прашање, дали ќе учествуваат на регионалните ревии и на спортските натпревари, Бекир одговори:

– Секако дека ќе учествуваме на регионалните средби и на други манифестации како во Општината така и надвор од неа и тоа на културен и на спортски план, но нема да ги изоставиме и средбите со другите здруженија во Македонија. Исто така планираме збратимување со здруженија на пензионери од општини кои во своето членство имаат Роми.

Еден од нашите најголеми проблеми е просторното прашање. Во Општината има дом, а ние пензионерите немаме простории. И за обични средби бараме просторија, но досега секогаш ни излегувале во пресрет. Разговаравме со надлежните институции за сето тоа и тие ни дадоа трошка надеж – раскажува Ариф Бекир.

Во секој случај, позитивно е тоа што и покрај овие просторни проблеми Здружението во целост функционира и се надеваат наскоро на позитовно решавање на овој и на другите проблеми што ги мачат.



**Васил Пачемски**

# Пензионерки од Приштина во Тетово

Здружението на пензионерите на Тетово се повеќе ја збогатува и меѓународната соработка. Во рамките на тоа , во возвратна посета на градот под Шара, беа околу 50 пензионерки од пензионерската организација на Приштина, предводени од претседателот на организацијата Хамит Халити и претседателката на жени – пензионерки Мубера Косуми. Гостите беа свечено дочекани на плоштадот во Тетово од страна на претседателите на Собранието и на Извршниот одбор на Здружението на пензионери Нервет Јашари и Славе Лазаревски, членовите на ИО на СЗПМ Асим Јусуфи и Нурие Кадриу и претседателката на Активот на жените – пензионерки Софија Симовска, како и други активиски. Потоа беа посетени Штуловиот универзитет, комплексот Арабати Баба Теќе и Шарена таџамија.



Хамит Халити и Нервет Јашари



Заедничкиот ручек што беше организиран во хотел „Македонија" беше искористен за средба со градоначалникот на општина Тетово, за размена на искуства и за подготвеноста за продлабочување на меѓусебната соработка на двете пензионерски организации.

**С. Димовски**

Средба со Стојче Ристов, претседател на Извршниот одбор на Здружението на инвалидкси пензионери – Кавадарци

# Приоритетна задача - користењето на бенифициите на инвалидските пензионери



**Со решавањето на финансиските проблеми од пред една година во Здружението на инвалидски пензиоенри во Кавадарци, се создадоа услови за норамлно функционирање и реализирање на програмата за работа. Кои беа позначајни активности во 2008 година?**

– Од минатата година. од кога располагаме со финансиски средства успешно ги остваруваме планираните активности и нашите пензионери тоа веќе го почуствуваа. Морам да го издвојам редовното исплаќање на средствата од солидарниопт фонд на семејствата на починатите пензионери и изедначувањето на износот на ниво на Република што порано не беше случај. Имавме можности да организираме екскурзии и посети на Крушево, Струмица, Радовиш, месноста Смрдлива Вода кај Гевгелија и други, а наши претставници учествуваа и на регионалните спортски натпревари. Со забележителни активности се издвојува Активот на жени-пензионерки кој минатата година по повод општинскиот празник на Кавадарци – Седми септември, организира средба на пензионерките – инвалиди од повеќе градови во Македонија. Исто така наши пензионерки редовно се присутни на слични манифестации и средби во Републиката, каде се дружат и забавуваат. Заслужува да се спомене и нашето ангажирање во снабдувањето на пензионерите со огревно дрво на осум месечни рати.



**На кои активности посветувате поголемо внимание во тековнава година?**

– Продолжуваме со активностите од лани, пред се, тука би го спомепнал повторно обезбедувањето на нашите пензионери со огрев за наредната зима, што многу им помага поради висината на овие издатоци. И годинава, учествуваме на пензионерските спортски игри, како и со организирање на посети и екскурзии на повеќе градови и знаменитости. Значајна улога има и Активот на жените, кои како и секогаш во поголем број се присутни во сите организирани активности.

**Се знае дека членовите на Здружението на инвалидски пензиоенери имаат одредени привилегии, за разлика од старосните и семејни пензионери. Колку тие се користат и што покажува практиката?**

– Искуствата се различни, според мои согледувања како и реакциите од страна на инвалидските пензионери, пензионерската инвалидска картичка ни овозможува попусти во железничкиот и авио превоз во нашата земја, но овој бенефит инвалидските пензионери ретко го користат бидејќи тие повеќе се ориентирани на автобуски и такси превоз. Инвалидските пензионери често ја користат привилегијата да го избегнат долгото чекање при користење на здравствените услуги во амбулантите и клиниките. Иако се јавуваат и потешкотии, сепак го користиме и попустот од 20% при регистрација на автомобилите, особено оние инвалидски пензионери кои имаат отежнато движење. Морам да укажам и на проблемот на наплатата на патарината, иако при организирани патувања сме ослободени, сепак тоа понекогаш не се почитува. За овие и други проблеми на кои наидуваат нашите пензионери при користење на своите права, за помош се обраќаат во Здружението и се обидуваме во рамките на нашите можности и права да помогнеме во нивно разрешување.

**Фруска Костадиноска**

Здружение на трудови инвалиди на Охрид

# Успешна соработка со инвалидите од Албанија

Неодамна во возвратна посета на Охрид, престојуваше делегација на Сојузот на инвалидите на трудот на Република Албанија. Во делегацијата беа претседателот на инвалидите на трудот Абдула Омури, генералниот секретар Мар Марку, претседателката на Здружението на трудовите инвалиди на Корча Рејмонда Јакупи и други гости.

На средбата во Охрид, беше оценета досегашната соработка, а беа посочени и насоките за продлабочување на заемните натамошни активности на двата сојуза на трудовите инвалиди на Република Албанија и Република Македонија. Оценето е дека досегашната соработка се одвива успешно и таа треба поинтензивно да продолжи, во решавањето на проблемите што ги имаат двата сојуза, бидејќи барањата и потребите им се исти. Владите на Македонија и Албанија и министерствата за труд и социјална политика, е договорено да се ангажираат во заедничка насока за подобрување на законската регулатива за заштита и подобар стандард на оваа категорија на граѓани.

Делегациите на инвалидите на трудот на Албанија и на Македонија, претставувана од Здружението од Охрид, преку претседателот Благоја Крстаноски, ги прими и градоначалникот на Охрид Александар Петрески, кој изрази задоволство од нивната досегашна соработка и им посака уште поблиска и подобра соработка, а за нив организираше и посебен прием.



Во делегацијата на Сојузот на трудовите инвалиди од Република Албанија имаше и дваесетина жени, кои заеднички со жените на охридскoто здружение во кое членуваат и инвалидски пензионери и од градовите Струга, Скопје, Битола, Велес, Кавадарци, Струмица и Гевгелија, на пригоден начин со свечен ручек, лотарија и богата музичка програма, заедно го одбележаа Меѓународниот празник на трудот на жените Осми март.

Во рамките на своите активности, Активот на жени при Здружението на инвалидите на трудот од Охрид, на ден Ѓурѓовден го посетија Специјалниот завод за децата со пречки во развојот во Гевгелија. На штитениците на Заводот, заедно со други активи на трудови инвалиди, им подарија облека и обувки и други скромни подароци. Истиот ден, претставнички на повеќе здруженија на жени трудови инвалиди ја посетија и црквата „Свети Ѓорѓија" во Валандово, каде што беше организирана и пригодна забава.

**К. Спасески**

## Огревни дрва за инвалидските пензионери

За членовите на Здружението на инвалиди на трудот и корисниците на инвалидска пензија кои се определиле идната грејна сезона да ја поминат со огревно дрво организирано се обезбедува снабдување со квалитетни дрва. За сите што се пријавуваат им се обезбедуваат услови за исплата на рати, квалитет на дрвата и бесплатен превоз што подразбира и товарање и растоварање на местото кај што живее корисникот. Последниот услов се однесува на оние купувачи на огревно дрво кои живеат во Тетово и низинските села. За инвалидските пензионери и инвалиди на трудот што живеат во ридските населби или што сакаат дрвата да им бидат доставени до викендици на Попова Шапка или по другите реони на Шар Планина, договорно и однапред се утврдува доплата за превоз.

Ова се информации добиени од **Југослав Аризанковски**, претседател на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија во Тетово. Нашите членови навремено ги информирвме преку соопштенија до сите месни организации, а истовремено и до локалните електронски медиуми, со што секој наш член беше благовремено запознат за условите под кои ќе може да се снабди со огревно дрво. Истовремено, стапивме во контакт со „Македонски шуми" со кои склучивме договор и ги утврдивме условите. Начелно се определивме за 700 кубни метри, но тоа не значи дека ги ограничуваме нашите членови за барани количини, вели Аризанковски.

Во седиштето за Здружението во Тетово забележавме повеќе заинтересирани за запишување огревни дрва. Реџеп Бајрами од Тетово вели: Се снабдувам со дрва за една грејна сезона. Знам дека преку Здружението ќе добиеме висок квалитет на дрва, а и другите услови се поволни. По 10 метри веќе имаат запишано и Перо Блажевски од Тетово, Адем Синани од Камењане, а нешто помалку Емина Керелоска од Тетово, Милован Стојчевски од Фалише и други. Меѓутоа, претседателот Југослав Аризанковски зборува за една веќе изградена традиција во снабдувањето со огревни дрва. Тој вели дека наназад 15 години најмалку 6000 семејства се снабдиле преку здружението, а една година била рекордна – биле откупени дури 5.500 кубни метри.

Аризанковски додава дека ова Здружение остварува тесна соработка и со Зруженито на старосни пензионери на кои исто така им се овозможувало на вакков и организиран начин и нивните членови да се снабдат со огревно дрво.

Тетовското Здружение на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија има 3600 членови организирани во 45 месни организации во населени места и уште четири секции во претпријатија и заштитни работилници.

**Гојко Ефтоски**

# Дом на пензионери во Кочани - долгогодишниот сон пред остварување

Десетина години наназад Здружението на пензионери – Кочани низ годишните програми за работа, ја истакнува нужноста од изградба на соодветен,современ пензионерски дом,кој во потполност ќе одговори на сѐ поголемите потреби за згрижување на оваа категорија граѓани и не само од Кочани,туку и од останатите општини од источниот дел на земјава: Виница, Берово, Делчево, Пехчево, Македонска Каменица и други. Изминативе месеци Здружението на пензионерите од Кочани, како што истакна претседателот Ѓорѓи Серафимов, ги интензивираше напорите за изнаоѓање и создавање комплетна платформа за изработка на идејно решение и нацрт проект за изградба на пензионерски дом. Предвидено е новиот дом да биде заедничко живеалиште на пензионерите, со нивно целосно сместување и згрижување,каде покрај комплетната исхрана, ќе им биде обезбедена деноноќна здравствена заштита и услови за рекреација, разонода и дружење. Станува збор за модерна и современа установа која нема да функционира врз социјален принцип, туку ќе се прилагоди на комерцијална основа, согласно пазарните услови, а услугите ќе бидат вреднувани според тековните економски параметри, што ќе овозможи комплетен и непрекинат процес на соработка на пензионерите со сите останати сегменти од општественото живеење.

Од досегашните контакти со стручните консултанти, веќе се во фаза на изработка прките предлог–идејни решенија со основните технички карактеристики на новитот стамбен објект за пензионери, со планирана базна површина од околу 700–800 метри квадратни, со подрумски простории и приземја, со височина од 2 до 3 ката каде ќе се наоѓаат 20–25 двокреветни соби, 30–35 еднокреветни и 20 апартмани. Просториите ќе бидат опремени со засебен тоалет, туш кабина, тераса, телевизор и потребниот мебел за секојдневен престој.



Здружение на пензионери - Кочани

Во приземниот дел, зацртани се просприи за заедничка трпезарија, амбулантен дел, сала за ТВ и печат и друго. Дворното место околу домот со планирана површина од околу 3000 метри квадратни, ќе биде парковски уредено со патеки за пешачење и клупи за одмор, а проектиран е простор и за мало тениско игралиште и игралиште за мини–голф. Комплетната зелена површина ќе биде обезбедена со стабилна ограда, а на делот пред влезот на објектот одбележан е соодветен паркинг–простор. За комплетната услуга на пензионерите – станари во домот, ќе се грижи управа, опслужувана со 30–тина вработени: готвачи, келнери, чувари, хигиеничари, домари, лекар, сестра и болничар. За реализација на еден ваков мегапроект ЗП – Кочни веќе има разработен план и концепција, иако станува збор за проект кој бара поголеми финансиски сретства. ЗП – Кочани веќе учествуваше на сесијата на форумот на заедниците,организиран преку невладините организации,од каде очекува финансиски средства во висина од 10 000 евра, потребни за изготвување на комплетната техничка документација (идеен и изведбен проект). Локацијата на домот ќе биде обезбедена од локалната самоуправа на општина Кочани, со која веќе се реализирани потребите контакти, а посоченото место (северната страна од касарскиот круг во местото наречено Усова Чешма) во начело е прифатено од надлежните органи. Преку обезбедена локација и изготвен главен проект се создаваат услови за поднесување барање до Владата на РМ за финансии потребни за отпочнување со изградба на овој значаен објект, не само за пензионерите, туку и за останатата постара популација од источниот дел на земјава. Дополнителни средства ќе се побараат од странски донаторски здруженија и амбасади кои веќе нудат финансиска помош за изградба на вакви објекти. Најважно од се е оваа активност на ЗП Кочани да биде поддржана од сите организации и институции во регионов и пошироко, како би можело долгогодишниот сон на луѓето од третото доба и на оние што доаѓаат, конечно да биде остварен.

**Илчо Лазаровски**


САВА ТАБАК
МИСЛИ НА ВАС
20% ПОПУСТ
Почитувани пензионери,
Сега имате единствена шанса да заштедите 20% од цената за технички преглед за патничкото возило. САВА ТАБАК ОСИГУРУВАЊЕ ви ја нуди оваа понуда при купување на нашата полиса за осигурување од автоодговорност. Повелете и искористете ја оваа можност во сите станици за технички преглед на АМСМ низ републиката.
Понудата е возможна заради договорот на САВА ТАБАК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ со СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА РМ и со АМСМ.
АМСМ
МОБИЛИТИ БРОКЕР
SAVA TABAK
Акционерско друштво за осигурување

# Ленче Кумановче - изведба на Пензионерската аматерска драмска работилница во Куманово

Денот 23 април 2009 година ќе остане долго, долго време во паметење по прекрасната драмска изведба на битовата драма на Васил Иљоски – „Ленче Кумановче", уште позната како Бегалка. Концертната сала на Центарот за култура во Куманово беше претесна да ги прими сите заинтересирани што дојдоа да ја доживеат праизведбата на ова драмско дело, кое прозвучи пријатно на убав кумановски дијалект.

Уште на самиот почеток, во првиот чин, публиката го почувствува времето на настанување на популарниот текст на авторот. Аплаузите се нижеа како на филмска лента како што се одвиваше претставата од еден во друг чин. Веднаш се почувствува големо задоволство кај присутните од успешните интерпретации на ликовите со кои се соживуваа изведувачите. Ликовите беа успешно прикажани.

Крајот на претставата е дочекан со вистински овации од страна на публиката. Тоа беше израз на најголема благодарност за премиерната изведба, за пријатната вечер што им ја приредија актерите – пензионери.

Сите шеснаесетмина протагонисти многу успешно и на општо задоволство ги одиграа своите улоги. Според многумина добри познавачи на оваа уметност, пензионерите аматери покажаа многу артистички талент и умееења. За пример беше Новко Петрушевски во улогата на Аџи Трајко, Славица Ламбаша во улогата на Ленче, Миланка Зафировска во улогата на Мирса, Љубица Кузмановска во улогата на Донка, Радосвет Илиевски во улогата на Бошко, како и сите други актери: Надежда Булатовиќ, Добринка Петрушевска, Стана Кипријановска, Русомир Јаневски, Влајко Петковски, Стојчо Гиевски, Стојчо Митевски, Владо Пешевски, Стефан Илиевски, Драгољуб Димитриевски и Јовица Стојчевски. Режијата беше на Стоје Додевски.

Целата претстава беше изведена на високо артистичко ниво. Некои од медиумите ја нарекоа култна претстава. Добрите познавачи на оваа уметност оценуваат дека изведбата го надминува аматеризмот и дека е многу поблиску до професионализам. Критиката позитивно ги оценува и успешните решенија на сценографијата, костимографијата, како и прикажаните инсерти на видео бимот поставен на сцената.

### ДУШКО ШУРБАНОВСКИ, претседател на СЗПМ: ИСКРЕНИ ЧЕСТИТКИ ЗА ИЗВЕДБАТА

Премиоерната претстава „Ленче Кумановче", ја следеше и раководството на Сојузот на пензионерите на Македонија, како и гостите од Пробиштип, Кратово и Крива Паланка. Честитајќи им го големиот успех на изведувачите за покажаното актерство, непосредно по завршување на премиерната изведба, претседателот Душко Шурбановски за медиумите изјави:

– Со особено внимание и интерес ја проследив премиерата на битовата драма „Ленче Кумановче" во изведба на Пензионерската аматерска работилница. Премиерата кај мене остави силен впечаток. Ме потсети на првата изведба на ова дело од пред 40 години.

Кумановските пензионери глумци ме одушевија со својот висок степен на интерпретација на ликовите. Сите заслужуваат најискрени честитки за ова постигнување.





### СЛАВИЦА ЛАМБАША, носителот на ликот Ленче Кумановче: ПРЕТСТАВА ЗА ПАМЕТЕЊЕ

– По занимање бев хемиски лаборант. Со глума не сум се занимавала.Сега како член на драмската работилница добив улога да се поистоветам со главниот лик на Ленче. По премиерното претставување во преполната сала на Центарот за култура, сите сме презадоволни. Успеавме добро да се поистоветиме со доверените улоги. По сите оцени и честитки што ги добиваме, изведовме успешна претстава. Во градот се уште се збори за ова острување.



### НОВКО ПЕТРУШЕВСКИ, носител на улогата на Аџи Трајко, одговорен на драмската работилница: ТРУДОТ СЕ ИСПЛАТЕШЕ

– Многу труд и време вложивме во подготовките на претставата. По премиерното прикажување сите сме презадоволни од постигнатиот успех. Тоа значи дека трудот ни се исплати со прекрасната изведба на оваа битова драма. Претставата се одиваше беспрекорно. Најдобра оцена и критика даде публиката со силни аплаузи за време на изведбата, како и по нејзиното завршување. Во нашиот град и натаму се говори за оваа премиера.

Куманово живееше со премиерната изведба на ова драмско дело на Васил Иљоски. Импресиите се уште се доживуваат и прераскажуваат во многу средини во градот.Такви сознанија пристигнуваат и од повеќе места од Македонија по проследувањето на инсерти од оваа претстава на МТВ во емисијата „Трето Доба". Честитки пристигнуваат од сите страни. Тие се дотолку позначајни, зашто оваа претстава е изведена од пензионери од најралични занимања и професии, кои немале никакви контакти со овој вид уметничко творештво. Ниту најголемите скептици не можеа да очекуваат дека оваа пензионерска драмска работилница може да постигне ваков успех.

Покрај премиерната изведба, претставата „Ленче Кумановче" репризно е прикажана уште два пати на сцената. Културно-уметничкото друштво „Ѓоко Симоновски" со оваа претстава аплицира и за учество на Аматерските драмски средби во Кочани.

Комисијата за културно-уметнички самодејности на Здружението на пензионери Куманово изрази големо задоволство од овој голем успех на нашите аматери пензионери и планира претставата да ја прикаже за пензионерите и од други здруженија во Македонија.

**Спирко Николовски**

**Пробиштип**

## За КУД „Весели пензионери" започнаа фестивалите, пристигнаа првите награди и признанија

На 26-ти април во Радовишкото село Ињево по 14-ти пат се одржа меѓународниот фестивал на изворен фолклор "Гајда 2009", на кој зедоа учество 22 КУД, фолклорни групи и ансамбли од Македонија, Бугарија и Холандија. Меѓу учесниците и во една силна конкуренција, настапија и членовите на КУД „Весели пензионери" од Пробиштип. Фестивалот го следеше стручна жири комисија, а го проследија над илјада посетители, вљубеници во традиционалната музика.

Учесниците на фестивалот, настојуваа да се престави во што поубаво и поафтентично светло, како со песните, така со ората, обичаите и изворните оркестри, или соло изведби. Присутните најнапред ги поздрави градоначалникот на општина Радовиш, д-р Роберт Велков, посакувајќи им топло добредојде и пријатен престој во оваа радовишка питомина, напомнувајќи дека целта на фестивалот е да се оттргнат од заборав убавите македонски традиции и да им се остават во аманет на младите генерации кои ќе го продолжат нивното негување.

Меѓу учесниците, можеа да се забележат сосема млади групи кои доста умешно се трудеа да го прикажат изворниот фолклор и обичаите од Македониија, а во ништо не изостануваа и повозрасните групи како што беа оние од Бугарија, Холандија и од 19-те општини во Македонија.

Членовите на КУД "Весели пензионери" од Пробиштип се претставија со еден мошне стар обичај поврзан за жетварските работи, песни и ора. Автентичноста на изведбата, на носиите, песните и ората, не ги остави рамнодушни членовите на жирито, а и бројната публика која цело време им аплаудираше. За она што го презентираа, заслужено ја освоија третата награда од стручното жири, додека холанѓанецот Ернесто Фишер, кој на гајда отсвири сплет македонски ора, стана добитник на специјална диплома, а го освои и првото место во категоријата соло гајда. Богатиот колорит на носиите ги плениja срцата на странците, а не останаа рамнодушни и сите присутни.

**М. Здравковска**





## Културен настан

Оркестарот на московскиот театар „Баљшој" еден од најголемите симфониски оркестри во светот, во саботата, на 16 мај, одржа концерт во "Метрополис арена" на Скопскиот саем. Нашиот светски признат пијанист младиот Симон Трпчевски, настапи како солист со оркестарот, а диригент беше Александар Ведерников, уметнички директор на„ „Баљшој".

На програмата беа: Петтата симфонија од Сергеј Прокофјев, Хамлет-фантазија увертира од Петар Илич Чајковски и Рапсодија на тема од Паганини. Оркестарот и Трпчевски, специјално за овој концерт, ја изведоа на „Струга дуќан да имам" од Панде Шахов.

Публиката беше понесена од магијата на делата на руските композитори

изведени од навистина големи уметници и со овации го проследи нивното музицирање. Убаво беше да се присуствува на една манифестација од висок ранг, на која меѓу многубројната публика покрај многу млади, забележително беше и присуството на посетители од третото доба...

**Т. Г.**

Д–р Костадинка Бојкова – невропсихијатар во Геронтолошкиот завод "13 Ноември"

# Лекар на годината



**• Д-р Бојкова Вие сте лекар неуропсихијатер и повеќе години работите во геријатрискиот дом „13-ти Ноември" во Ѓорче Петров во Скопје. Како дојдовте на оваа работно место? Ова Ве прашувам бидејќи тогаш сте биле млада, а содржината на професионалната работа на работно место, Ве упатила да работите со луѓе од третото доба.**

Едноставно кажано животните случувања ме донесоа на овие животни патеки. На ова мое вработување претходеше седу години работа во Радовиш, а желбата да се вратам во Скопје беше голема. Во потрага по решение животот ме донесе во оваа установа, во која сум и денес.

**• Какви беа Вашите први искуства?**

Беа многу поразлични од оние кои ги имав на претходното работно место. Тука пациентите се со повеќе заболувања, со посложена патологија, периодот на третирање е многу подолг, можеби и малку и трауматичен.

**• Тешко ли е да се работи со оваа категорија на пациенти, кои помалку или повеќе се упатени на персоналот кој се грижи за нив во установата?**

Не е лесно, во секој случај! Тука се грижиме и за здравјето на пациентите станари, но и за сите нивни потреби и проблеми. Се трудиме да им пружиме заштита и нега. Ние сме им еден вид "сурогат" на нивното семејство, кое многу им недостасува. Значи, нашите пациенти, покрај болките од болеста ги мачи и болката од недостаток на нивните блиски. Во сето ова сме повеќе или помалку успешни, но најтешко е да ја задоволиме во потполност последната нивна потреба, љубовта. Иако, морам да кажам, дека има пациенти кои секојдневно ги посетува нивното семејство, а тука се заради потребната нега.

**• Од кои заболувања најчесто ги третирате Вашите пациенти - станари?**

Секакви, но преовладуваат хронично дегенеративните заболувања, како што се алцхајмеровата болест, васкуларна деменција, цереброваскуларни инзулти, болести чиј третман е долготраен, макотрпен и тежок, и за пациентите и за тимот. Во установата има пациенти со многу големи проблеми, од здравствен аспект.

**• По некоја случајност сум посетила повеќе вакви или слични установи. Пријатно сум изненадена од амбиентот во геријатрискиот дом "13 Ноември". Мирно е, чисто и пријатно. Можам да речам дури поубаво од некои установи каде е многу поскапо. На што се должи сето тоа?**

Веројатно на сите нас и на Управата. Но морам да кажам дека и ние како и сите други установи имаме потреба од финансиски средства со кои животот на нашите станари пациенти би им го направиле уште поубав и попријатен.

**• Според менталитетот на луѓето од нашиве простори многу стари луѓе одењето во ваква установа нерадо го прифаќаат. Од друга страна пак изградба на дом за стари луѓе во многу градови и пензионерски здруженија е нешто за кое сонуваат со години и го очекуваат како решение за сместување во кое ќе имаат со еден збор кажано се: 24 часа здравствена нега, топол оброк и што е уште побитно за оваа популација дружење со своите врсници.**

**Какво е Вашето мислење за овој вид сместување, земајќи го во предвид брзото темпо на живот и окупираноста на луѓето со тековните сопствени обврски и проблеми?**

Штом го посакуваат, како што велите, е решение, иако некои пациенти тешко го прифаќаат. Тука би потенцирала еден друг проблем – економскиот. Многумина немаат средства за да бидат тука сместени, а нивните семејства исто така не се во состојба да партиципираат. Најскапо лекување е лекувањето на болни од третото доба.Затоа многумина на кои им е потребно вакво згрижување, остануваат незгрижени. Овој факт наметнува размисла дека сите треба поинаку да размислуваме. Луѓето треба уште кога се помлади да размислуваат за себе кога ќе дојдат во постари години и да издвојуваат некои средства, се разбира ако за тоа имаат можност. Исто така и општеството треба да се ангажира моеќе преку разни форми и прописи.

**• Сметате ли дека општеството води доволна грижа за популацијата од третото доба или таа е маргинализирана како и во многу други земји во светот?**

Мое мислење е дека не се грижи доволно и има простор за разни форми луѓето од трето доба да бидат вклучени активно во општеството, како и да бидат организирано опфатени во разни облици на доедукација, рекреација, дружење, па ако сакате и во некои начини и форми преку кои ќе може да се подобри и нивниот стандард, иако сето ова постои во извесна мерка. Луѓето од трето доба се и умни и вредни, а во себе имаат акумулирано огромен потенцијал на знаење и искуство. Тоа мора да се искористи и ќе има обострана полза и општеството, а и самата популација.

**• Д-р Бојкова сигурно секојдневно се среќавате со многу судбини и проблеми на Вашите пациенти - станари. Како се справувате со сето тоа? Сугурно е потребно многу трпение, разбирање и стручност?**

Потребно е и тоа многу! Јас никогаш не сум ги делела луѓето на генерации. Можеби имам таков ментален склоп на карактерот. На луѓето, а посебно на овие мои пациенти им приоѓам со голема почит кон нивните проблеми и животни драми.

**• Сигурна сум дека многумина од овие луѓе во тимот што се грижи за нив, а посебно во Вас како лекар за „душата" која е најранлива кај секој, а посебно кај овие луѓе за кои се помалку имаат време нивните блиски, сте им замена за децата, за роднините. Се врзувате ли за нив или секогаш ја држите дистанцата лекар - пациент? Како се справувате со тоа?**

Лично им приоѓам со големо разбирање. Се трудам да им ги покажам моите емоции кон нив, но не се врзувам, а и не држам дистанца. Со нив сум во контакт овде и сега, за се. Но, критична сум и реална кон своите можности и така се однесувам. Се грижам да им помогнам и олеснам од секој аспект, како што реков, во граница на моите стручни и човечки можности и мислам дека во тоа успевам.

**• Го добивте признанието: „Лекар на годината". Ви честитам. Кажете ми што претставува за Вас ова признание?**

Секое признание е потврда за вложените континуирани напори и резултати. Се разбира дека признанието ме радува и ме поттокнува на понатамошна работа.

Мислам дека оваа признание го заслужуваат многумина од нашата установа. Оваа година честа да го добијам ми припадна мене!

**Калина Сливовска Андонова**

# Интернетот - нераздвоен дел од животот на постарите

Пред десетина години многумина не само што не користеа интернет туку и незнаеја како би го користеле.Денес интернетот го користат сите и децата и луѓето од третата доба и од ден на ден тој станува неразделен дел од животот како едукација, разонода и другарување.

И Македонија доживува бум во користењето на интернет услугите, а најдобар доказ за тоа е што во изминатите две години е удвоен бројот на претплатници. За периодот од две годинио бројот на претплатници на оваа услуга пораснал дури за девет пати. Од 15 018 корисници во 2006 година, во 2008 година оваа бројка изнесува 147 744 корисници. Со ова Македонија убедливо води пред повеќе земји од Европа и регионот.И покрај овие убави податоци и факти, Република Македонија има простор да напредува во однос на интернет услугите и во насока на зголемување на бројот на интернет корисниците, како и за збогатување и подобрување на интернет и останатите услуги од овие области.

Меѓу претплатниците на интернет, значаен дел има и од возрасните – припадниците на третата доба. И ним интернетот им стана најдобрата врска со познатите и непознатите, со луѓето од светот. Многу страници се отворени за таа цел. Годините при тоа ништо не значат.По пат на мрежата се раѓаат пријателства меѓу луѓето со старост од 7 до 77 години. Денеска луѓето од сите животни возрасти, па и од третата доба, запознаваат луѓе ширум светот и дознаваат за нив информации кои можеби ниту нивните најблиски не ги знаат, затоа што на многумина им е полесно да ја отворат душата пред оние кои никојпат не ги сретнале.

И додека комуникацијата меѓу младите преку интернет е сосема нормална работа, многумина ги изненадува кога тоа го прават и луѓето во години.



На пример постара жена со семејство и со возрасни деца, преку интернет склопува нови познанства со личности од спротивниот пол. Сигурно ќе се прашате, лекува ли таа некаква скриена тага, депресија,празнина, или едноставно сватила дека современиот начин на комуникација меѓу луѓето и овозможува стекнување на нови пријателства без разлика на полот и возраста, проширување на знаењата, збогатување на искуствата...

Специјалистите денеска во интернетот гледаат се подобра алатка за ослободување од константниот стрес. Интернетот овозможува многу предности кои во директните контакти меѓу луѓето ги нема: контрола на степенот на интимноста, можност за избирање на личноста со која ќе се дружиме според сопствените склоности и желби, потоа чувството дека секојпат сме тука во центарот на настаните, но заштитени со топлината на собата од која се упатуваме кон тој виртуелен свет.Сепак, многумина сметаат дека тоа е едно осамено место кое всушност не оддалечува од вистинските луѓе наместо да не соединува.Искуствата пак на оние другите за кои главно зборувавме, вели дека дури и пронаоѓањето на брачен другар преку интернет е вистински остварливо, па дури и сигурно без разлика на годините.

Во бесплатните курсеви за обука на компјутер, што ги финансира Владата на Република Македонија се вклучија и многу возрасни граѓани. Денеска ним широко им е отворен прозорецот кон светот. Никојпат не е доцна да научите да се служите со компјутерот и интернетот. Предностите брзо ќе се почуствуваат.

**Ц. Илиева**

# Наместо лекари - сообраќајци, ќе имаме семејни лекари

Настинката или грипот не треба да се лекуваат во ординациите. За нив се добива само телефонски совет од матичниот лекар. Тој, освен основните прегледи, може да земе и брис од грлото на матката, да направи и мала хируршка интервенција, да вакцинира, да ја следи бременоста на родилката, да ви ги прегледа очите и ушите, но и да дежура во ноќна ургентна служба, по пет часот, кога му завршува работното време. Во ординацијата може да се рекреираат и оние со прекумерна телесна тежина или проблеми со држењето на телото. Вака изгледа лекувањето кај семеен лекар во Холандија, земја од која сакаме да го ископираме овој дел од здравството. Македонските здравствени власти од холандските колеги во овој момент учат за семејната медицина, која сакаат да ја востановат до 2020 година. Студиите, пак, за неа почнуваат од септември.

Матичниот лекар во Холандија вообичаено води цели семејства.

– Доколку сака некој член од семејството може да го промени лекарот, но тоа ретко се случува. Многу е поволно тоа што се следи здравјето на сите членови, а се знае и историјата на болестите. Ние лекуваме од бебиња до стари лица. Јас имам стотина семејства со кои работам повеќе од 30 години – вели д–р Мартин Кох, семеен лекар во Хаг, Холандија.

Во неговата ординација, која повеќе личи на мала поликлиника, за пациентите има и аптека и стоматолошки оддел. Сѐ за пациентите на едно место, вели д–р Кох овозможува повеќе заработка на лекарите, а тие помалку ги чинат и осигурителните компании, во кои се уплатува за основно здравствено осигурување.

– Семејните лекари покриваат 90 проценти од интервенциите кај граѓаните. Останатиот дел се одвива во болниците и клиниките. Тоа им одговара и на осигурителните компании кои склучуваат договори со здравствените установи, зашто кај нас услугите се и за три пати поевтини – вели д–р Кох.

За разлика од неговите македонски колеги, кои во договор со Фондот за здравствено осигурување пари добиваат според бројот на пациентите што ги водат, во Холандија трудот се вреднува и според бројот на извршените услуги.

– Порано ни плаќаа само според бројот на пациентите, но тоа се промени зашто бевме обесправени ние што повеќе работиме – вели д–р Кох.

Тој, за време на нашата посета, објасни дека нема ограничување за бројот на рецепти што може да ги издаде, но и дека мора да лекува само според медицинските протоколи.

– Во оваа голема книга точно пишува во каков случај како се реагира. Таа е нашата водилка, а лекувајќи според протоколи сме заштитени од тужби. Тие овде не се непозната – ни објасни нашиот соговорник.

Проектот семејна медицина кај нас ќе се воведе за да го зајакне примарното здравство. Експертите велат дека треба да се промени сегашната слика во која матичните лекари се претворени во сообраќајци, пишувачи на упати. Новиот принцип на работа треба да ги растовари болниците и клиниките, а да останат повеќе средства за инвестиции.

– Истражувањата покажуваат дека кај нас има огромен дел пациенти што треба да се третираат во примарното здравство, а одат во секундарното или терциерното. Затоа целосниот систем на примарна здравствена заштита ќе се промени. Оние матични лекари што веќе специјализирале ќе одат на доедукација – објаснува д–р Глигор Димитров.

Инаку, за едукацијата се планира средства да оддели и Министерството за здравство, а пари да се искористат и преку кредит од Светска банка.

**„Нова Македонија"**




Сите удобности во животот се незамисливи без електричната енергија.
EVN Македонија се грижи електричната енергија да ја дистрибуира навремено и квалитетно до вашите домови и компании, овозможувајќи ви побогат и попријатен живот.
0890 12345 info@evn.com.mk

EVN macedonia




**Mentat** Ментат тоник и билни таблети! Делуваат на целиот организам, ја подобруваат концентрацијата, меморијата и менталниот капацитет на луѓе од сите возрасти, особно кај деца на училишна возраст и студенти. Се препорачуваат за ублажување на чувството на умствен замор, стрес, стравови без посебна причина и вознемиреност, нервна и ментална исцрпеност! Се препорачуваат за смирување на хиперактивни и проблематични деца! Ја подобруваат функцијата на нервниот и мускулниот систем!




**Cystone** Тоник и билни таблети за акутни и хронични воспаленија на мочниот меур, уринарните патишта и бубрезите. Се користи и при уринарни инфекции за време на бременост; при појава на бактерија Ешерихија коли во урината; делува при појава на камчиња во бубрезите, при што ги намалува болките и многу често овозможува нивно исфрлање.

*Увозник и дистрибутер ЛЕМАГ Доо Скопје* *02/ 30 69 588*

# „Свински грип“ - нова варијанта на H1N1 вирусот

Во април оваа година светот го обиколи веста дека во Ново Мексико избувнала епидемија на грип што се заканува да поприми светски размери, да се прошири насекаде. Актуелниот предизвикувач на грипот во Мексико, според Светската здравствена организација, е нова варијанта од поттипот H1N1 кој претставува комбинација од човечки и животински вирус. Вообичаено, од грип почесто заболуваат децата и постарите луѓе. Во овој случај, меѓутоа, парадоксално, предизвикувачот на грипот напаѓа млади здрави луѓе.

Какво заболување е грипот? Грип или инфлуенца претставува вирусна инфекција на респираторниот систем. Инфекцијата е многу заразна, се пренесува по капков пат од човек на човек со кивање, кашлање и директен контакт, со гушкање и бакнување, а може и индиректно, преку предмети загадени со секрет од респираторниот систем. Симптомите почнуваат по инкубација од 1 до 4 дена и вклучуваат главоболка, висока температура, грозница, мускулни болки по целото тело, истоштеност, губиток на апетит, кивање, кашлање. Симптомите може да траат околу една до две недели и потоа болниот да се опорави. Меѓутоа заболувањето може да продолжи со компликации како што е пневмонијата која во некои случаи на ослабнат имунитет, специјално кај постари лица, може да доведе до смртен исход. Постојат три различни типови – А В и С. Најчести и најопасни се вирусите на грип од типот А, бидејќи тие можат да предизвикаат грип во епидемиска форма, дури и во пандемички размери, поради нивната нестабилна антигенска структура и потенцијалот за често мутирање, што има за резултат мала или голема антигенска промена. Голема антигенска варијација се случува одвреме–навреме, обично на 2 или 3 години и тоа кога на новата варијанта на вирусот не можат да дејствуваат постојните антитела кај популацијата стекнати од претходните контакти со старите соеви на вирусот. Протеините во обвивката на новиот вирус наполно го менуваат својот изглед, така што имуниот систем не може да го препознае вирусот во неговата нова форма. Најтешка пандемија со висока стапка на морталитет се случила во 1918 година, предизвикана од нов сој на вирус поврзан со свинска инфлуенца А вирус, т.н. Шпански грип што убил околу 20 милиони, многу повеќе од вкупниот број на убиени во Првата светска војна. Поблага, но доста раширена пандемија избувнала 1957 година, како грип А, наречен Азиски грип, а имало пандемија и во 1968 година од “Хонгконг” инфлуенца А вирусот.

Зошто веста за епидемијата во Мексико го вознемири светот? Затоа што се работи за голема антигенска варијација, за нов сој на вирусот на инфлуенца А, кој е комбинирана варијанта од човечки, свински и птичји А вирус, према кој населението на светот нема имунитет. Болеста се пренесува од заболена свиња на човек и од човек на човек. Сезонските вакцини кои се прават по препорака на Светската здравствена организација секоја година не можат многу да помогнат, бидејќи не ја содржат новата варијанта на сојот на инфлуенца А вирусот, а за да се направи нова вакцина со актуелниот сој на вирусот кој се појавил во Мексико и се заканува да се прошири во светот, потребни се неколку месеци.

Поради вакви случаи, научниците работат на изнаоѓање на универзална вакцина, која би ја елиминирала потребата од годишни, сезонски вакцини и би претставувала заштита од пандемии. За ова прашање, на многу интересен и илустративен начин пишува Alexander Hellemans во написот “Да се победи грипот со една единствена вакцина” во “Scientific American” 2008. Тој истакнува дека пионер во таа работа е белгискиот научник Walter Fiers, кој се бави со молекуларна биологија и кој долги години ја проучувал структурата на инфлуенца А вирусот. Негова цел и сон на многу научници со децении е да се направи универзална вакцина и со една единствена инјекција, слично на некои од детските вакцини, да се создаде доживотен имунитет и за грипот, посебно за најопасниот од типот А. Но, тоа не е воопшто едноставна работа, поради магичното својство на “интелегентниот” и “итар” инфлуенца А вирус постојано да се менува, да мутира. Надворешната обвивка на овој вирус постојано го менува својот изглед. Таа главно има два протеина: хемаглутинин и неураминидаза. Гените одговорни за овие протеини доведуваат до чести мутации кои ја имаат за резултат претходно споменатата мала антигенска промена. Ако пак дојде до комбинација на гени од различни животински и хумани соеви резултатот е голема антигенска промена и пандемија. Наспроти овие два протеина кои се подложни на промени, кои го менуваат :рувото” на вирусот и го прават непрепознатливо, научникот Walter Fiers, на обвивката на вирусот пронашол еден протеински сегмент, наречен М2е што не може да се промени и верува дека со негова помош може да се направи универзалната вакцина како заштита од пандемии. Таа секако не може во овој момент да биде решение за актуелната епидемија во Мексико, која се заканува да прерасне во пандемија. Постојат проблеми за нејзиното испробување на луѓе, бидејќи не е етички намерно инфицирање на волонтери за да се види дали вакцината е ефикасна. Затоа додека се решат проблемите за нејзината примена на луѓе, во врска со епидемијата во Мексико, која се заканува да прерасне во пандемија, останува да се применат стандардните епидемиолошки и хигиенски мерки: карантин во ризичното подрачје, спречување на комуникации со истото, избегнување контакти со заболени, миење на рацете, забрана за увоз на свинско месо и сл.

Решение е универзална трајна вакцина за грип, но ќе треба да се почека таа да се создаде! Да се надеваме дека тоа убаво идно време ќе го дочекаме и ние сегашните пензионери!

**Прим. д-р М.К. Петрушевска**

# Очите - прозорец на здравјето

Видот е едно од најважните сетила на човекот. Окото е прецизен прозорец на восприемање на надворешните сликовни информации. Исто така, велат дека тое е и огледало на внатрешните случувања на организмот. Во очите можат да се видат сите емоции кои ги носи човекот, а во последиве години преку нив се дијагностицираат и одредени заболувања дури и пред да се манифестираат симптоми.

Токму затоа е потребно барем еднаш во две–три години во помладата возраст да се проконтролира и да се прегледа окото кај стручно лице, лекар–офтамолог. Д–р. Мирјана Саздовска од специјалистичката ординација за очни болести “Окулус ЕМ” од Скопје, вели дека повозрасните, оние над 45 години не треба да чекаат да забележат промени во видот за да побараат лекарски преглед. На таа возраст потребно е тоа да се прави барем еднаш во годината. Причина за ова е што во таа возраст најчесто се случуваат промени во организмот, појава на покачен крвен притисок, шеќерна болест и други заболувања кои



директно или индиректно го напаѓаат видот. Често се случува пациентите да дојдат за обичен рутински преглед или да бараат очила , а притоа да се откријат и други заболувања на окото. Најчесто се откриваат покачен очен притисок (глауком), сенилна дегенерација на ретината, катаракта и друго, или честопати се открива шеќерна болест преку наодот на очното дно. Во овие случаи контролата на очите се препорачува да се врши на секои 3 до 6 месеци, а во одредени случаи веднаш да се пристапи кон ласерско лекување или друго лекување на ретината. Колку порано пациентот се јави во очната ординација – толку лекувањето е поефикасно. Кај повеќе заболувања , во понапредните стадиуми на промена на ретината, ако не се третира проблемот на окото, видот може без симптоми одеднаш да се изгуби. Технологијата на интервенции со крупни чекори оди напред. Операциите се покусо траат и се речиси безболни.

Прегледите се вршат во државните и приватните очни ординации. За сите услуги од обичен преглед до посложени интервенции во државните и приватните очни ординации кои склучиле договор со Фондот за Здравствено осигурување и работат со сини картони или чекови од пензија – потребен Ви е упат од Вашиот матичен лекар.

**К. Кајмаковска**

# Внимателно со хормоналната терапија во менопауза

Нови две научни истражувања покажале дека хормонската терапија кај жените во менопауза, поврзана е со намалување на мозокот и со намалување на конгенитивните способности. Ова е прв знак за церебрално–васкуларно заболување, објавил американскиот магазин „Neurology“. Некои претходни истражувања покажале дека естрогенот, земан заедно со или без прогестерон кај жените по 65–тата година од животот го зголемува ризикот од развој на деменција и опаѓање на конгенитивните способности, како што се проблеми со бистрото мислење и помнење. Новите студии имале за цел да утврдат како хормоните можат да влијаат врз помнењето и способностите за мислење. Истражувањето, спроведено на 1.400 жени на возраст од 71 до 89 години било предвреме прекинато, откако научниците откриле дека хормонската терапија ги зголемува здравствените ризици и не помага при спречување на појавата на срцевите заболувања. Со скенирање на мозокот на испитаничките, научниците откриле дека на жените кои земале естроген, со или без прогестерон, им се намалил мозокот и тоа во два одделни дела, што не било случај со жените кои земале плацебо. Скенирањето покажало дека естрогенот придонел за намалување на предниот мозок за 2.37 кубни сантиметри, како и на хипокампусот за 10 кубни сантиметри. Овие два дела на мозокот се поврзани со процесот на мислење и со способноста за помнење. Намалувањето на волуменот на хипокампусот го зголемува ризикот за појава на деменција. Ефектите биле најевидентни кај жените кои пред земањето на хормонската терапија веќе имале проблеми со помнењето. Ова покажува дека естрогенот негативно влијае врз способноста за помнење кај жените кај кои веќе се присутни невродегенеративните процеси. Со втората студија, научниците откриле дека хормонската терапија нема никаква поврзаност со зголемување на волуменот на малите мускулни лезии на мозокот или со „тивките мозочни удари“, кои честопати се прв знак за церебро–васкуларно заболување.

Ова значи дека негативните ефекти на хормонската терапија врз когнитивните способности не е примарно поврзана со васкуларна болест, туку со невродегенерација, како што покажала и првата студија. Но, како и за се во животот, постојат моменти и случаи кога мора да се одбере едно од двете зла. Правило е да се одбере помалото!

**К.С. А.**

# Сателитска навигација во служба на третото доба

Сателитската навигација наскоро ќе може да им помогне на луѓето од трето доба полесно да се снаоѓаат низ супермаркетите. Научниците од Њукасл работат на уред што ќе функционира на ист начин како и ГПС –навигацијата на автомобили. Таа го користи системот за глобално позиционирање во комбинација со локациските координати на мобилниот телефон. Проектот е финансиран од Британската влада со цел да се промовираат нови начини за искористување на дигиталните технологии за помош на постари и изнемоштени лица, бидејќи многу постари луѓе не можат да се движат нормално па дури можат и да се изгубат во непозната средина. Британскиот тим планира да продолжи со тестирање на нови направи кои што ќе можат да им помогнат на болните и на старите луѓе. Во моментов на универзитетот во Њукасл тестираат уред што ќе биде наменет за лицата со деменција, со цел да се лоцираат и да се вратат во своите домови во случај да неможат тоа да го сторат сами.

Научниците пак од Франција , во два старски домови за изнемоштени лица ќе воведат компјутерски систем чија задача е мониторинг и информирање на лекарите и другиот персонал за здравјето на станарите и случувањата во домовите. Во секоја просторија инсталирани ќе бидат сензори , кои во случај на здравствени и други проблеми на станарите можат да испратат аларемн сигнал на нивните роднини, лекари, службата за итна помош, противпожарна служба и друго. На системот работат тимови од инжинери, геријатри, лекари и други, а во минатата година бил испробан на 14 доброволци постари од 65 години. Слични компјутерски системи ќе бидат усовршени за инсталирање и во болниците.

Исто така се повеќе се развива далечински контролираната медицина. Не така одамна ваков начин на лечење и снимање, беше употребен само во некои уреди и методи и тоа воглавном каде што се употребуваа ренгенските зраци и радио активните елементи. Денес состојбата е сосема поинаква, па дури и земањето на лекови може да биде со притискање на само едно копче или тастер. Истражувачите на универзитетот во Сиднеј, конс-



труирале инплантант за контрола на болеста инконтиненција (неконтролирано празнење на мочниот меур) кое како проблем вообичаено се јавува кај популацијата од третото доба. Онколозите пак анализираат можност за создавање моќно оружје во вид на “бомба имплантант” во која ќе биде сместена одредена количина од лекови кои би го уништиле само ткивото на ракот, а не и околното здраво ткиво. На маркираното место, со едноставно притискање на копче, т.с. со далечинска команда би експлодирала “бомбата”.

Покрај далечински управуваната медицина, постојат и многу програми (софтвери) со помошта на кои компјутерски се откриваат разни болести, од пред наталниот период, до длабока старост. Покрај скенирањето на мозокот со компјутерска томографија, американските научници од Калифорнија, развиле техника со која е можно да се препознаат дури и мислете и соништата на човекот, што може да биде корисно пред се во психијатриските дијагнози, но и во многу други домени. Огромна е примената на ласерите во медицината. Терапија со ласер е многу развиена во третманот на голем број болести: мигрена, дијабетис, инфаркт, тумори и карциноми, менингитис, асма и уште многу други болести. Постапката е безболна и може да се применува и во многу комплицирани оперативни зафати. Во овој метод искористен е пулсирачкиот ласерски бран, како инфра црвената светлина, така и магнетните својства и влијанија на одредени магнети. Нивното заедничко дејствување има можност за трансформација на болните и оштетени клетки во здрави. Иако се применува во многу земји во светот, зачетоците на оваа терапија се во Русија. Постојат уште многу примени за примена на нови технологии во медицината, а ерата на овие апликација во сите сфери на животот и за сите популации, како и за популацијата од третото доба, допрва доаѓа.

**К.С. Андонова**

**Почитувани читатели на весникот „Пензионер плус”**

Во изминатиов период ни се јавувавте со Ваши сугести и предлози. Некогаш имаше и забелешки, но вогламном низ Вашите писма се гледаше дека весникот Ви се допаѓа. Вашите јавувања придонесоа весникот да има убави и интересни содржини. Пишувајте ни и во иднина. Така весникот ќе биде уште подобар и побогат. Информирањето мора да биде двострано за да ја постигне својата цел. Како што Ви е веќе познато Вашите писма можете да ги испраќате на e-mail адреса:

како word документ,

или по пошта отчукани на машина на следнава адреса:

„12 Ударна бригада “ број 2 – зграда на ССМ

1000 Скопје

Овие адреси важат и за Вас почитувани читатели кои го читате весникот на Web страницата на СЗПМ,

**Од редакцијата**

# Писмо до редакцијата на весникот

Прочитувајќи ја последната страница од весникот, почуствував некаква восхит и посакав да Ви напишам неколку реченици. Ќе бев некоректен и себичен ако не кажев нешто пофално, позитивно за новоотворената страница (16) анкета на нашиот и Ваш весник ,,Пензионер плус”.

Целата страница има прекрасен преглед, со прекрасни фотоси на истакнати и заслужени жени пензионерки и активисти, кои што многу храбро и симпатично пркосат на староста (а не признавам дека се стари) со самопрегорната (безпочин) активност и со нивните искажувања, различни и посебни по содржина, која од која е посодржајна. Страницата, просто, слободно дише, а содржината едуцира како треба да се живее и работи во трето доба. Сите Вие: Нурие, Даница, Мирослава, Цвета, Мирјана, Невенка, Марија и Ружа, со вашите искази сте пример за жена пензионерка. Вашиот пример треба да го следат илјадници пензионери и пензионерки.

Верувам оти Вие не ќе имате време за староење, зошто цврсто сте врзани (се уште) за младоста. Ве ценам и се храбрам од Вашите зборови. Сите вие дадовте текстуален преглед на активности, а секој претседател на Здружение на пензионери, треба да направи табеларен преглед на годишни активности од тој текстуален преглед. Само преку масовно и активно работење, ќе го разубавиме пензионерскиот живот.

Најпосле пензионерскиот живот, ако од материјална страна е скромен, барем духовно да го направиме богат.

**Со почит,**
**Ангел Богатиновски,**
**пензионер од Виница**

# Огранок „Старо корзо“ од Прилеп

Деновиве имав можност да го прочитам весникот “Пензионер плус”. Се радувам на излегувањето на весникот, затоа што ние пензионерите ќе можеме да прочитаме како работи Сојузот на здруженијата на пензионерите, со што се занимаваат пензионерите, нивните пофалби, критики и забелешки на работата на здруженијата.

Во Р. Македонија голем е бројот на пензионери и скоро во секој град постои здружение на пензионери. Кога бројот на пензионерите во општината е голем за подобро да работи здружението, има формирано свои ограноци. Така е и во Прилеп.

Ограноците имаат управен одбор, а некои имаат и свои простории кааде што пензионерите 2–3 пати во неделата се собираат. Пензионерите одржуваат свои состаноци, играат шах, домино, карти и дискутираат за многу работи, доставувајќи пофалби и критики до Здружението. На овие состаноци бројот не е голем. За да биде присуството поголемо, управниот одбор на огранокот треба да изготви своја програма за работа и актовности. Со оваа програма и овие активности, интересот кај пензионерите е многу поголем, дружењето меѓу пензионерите ќе биде поинтересно и помасовно. Многу пензионери ќе сакаат да присуствуваат на состаноците за да разберат кои активности се преземени.

**Програма и активности на огранокот:**

1. Да се повикаат стручни лица и да се одржат предавања за здрава исхрана и здрав живот, предавања од областа на медицината: за срце, притисок, грип, употреба на лекови и др.;
2. Заедничка посета на фирми од градот;
3. Посета на историските места во градот и околината и при овие организирани посети да се повикаат лица од Сојузот на борците кои би евоцирале спомени;
4. Исто така може заеднички организирано да се посетат и други места коишто имаат историско значење;
5. Да се организираат еднодневни екскурзии со посета на значајни места во Македонија;
6. Еднаш или повеќе пати во текот на годината да се организира пензионерски еколошки ден со садење на садници во градот или околината. Оваа акција треба да се организира во соработка со локалната самоуправа и шумското претпријатие кои ќе обезбедат садници, превоз и друг материјал;
7. Да се организира заедничка пензионерска другарска вечер.

Ова би биле само дел од активностите на огранокот.

**Тошко Јонески**
**пензионерско здружение**
**во Прилеп**
**огранок „Старо корзо“**

# Геронтолошко одделение за стари и изнемоштени лица

Во Штип и во цела Источна Македонија нема ниту еден старски дом или Геронтолошко одделение за згрижување на стари и изнемоштени лица. Некој од штипските пензионери со подлабоките џепови, за да не бидат терет на своите синови и ќерки, годините од својот живот го минуваат во старските домови во Скопје, Куманово, Прилеп и други градови. Се повеќе се наметнува потребата и во Штип да се отвори пензионерки дом или пак Геронтолошко одделение како што е примерот со Општата болница во Охрид. Од некои пензионери од Штип се предлага старата зграда на заразното одделение при општата болница во градот, да се адаптира и приспособи за Геронтолошко одделение, во кое ќе бидат поставени триесетина болнички кревети и згрижени исто толку пензионери, кои се хронични и изнемоштени лица, препуштени да се грижат самите со себе, иако за тоа здравствено не се способни, а немаат свои блиски кои ќе се грижат за нив. Суровата судбина знае да си поигра со некои лица од третата доба и од други градови на Источна Македонија. При отварање на Геронтолошкото одделение ќе бидат вработени медицински сестри, хигиеничарски и друг медицински и технички персонал. Болните и изнемоштени лица ќе бидат примени во споменатото одделение, а дел од своите пензионерски примања ќе ги вложуваат во општата болница во Штип.

За реализирање на оваа хумана и корисна идеја, треба да се заинтересирани одговорните структури при општата болница, локалната самоуправа, Здружението на пензионерите, меѓуопштинскиот центар за социјални грижи и други надлежни фактори од општините Штип, Карбинци и други.

**Трајко Босеовски,**
**пензионер од Штип**

Писмо до редакција од активноста на воени пензионери

# Посета на места и настани од историјата

Во организација на ограноците на воените пензионери на Македонија се организира еднодневен излет до с. Разловци и местото на погибијата на претседателот на Крушевската Република Никола Карев на Рајчански Рид. Со оваа посета пензионерите беа одушевени, посебно со фактографијата која им беше презентирана особено од настаните во с. Разловци и вооруженото востани 1876 година за конечно ослободување од турското ропство и создавање на сопствена држава. За жал споменатите места и објекти се претворени во обични руини и сликата делува крајно разочарувачки. Ваквиот однос кон сопствената историја и личности е крајно неодговорна.

Воените пензионери сметаат дека е потребно да се преземат сите потребни мерки од страна на одговорните во општеството овие спомен обележја да претставуваат места за изучување на сопствената историја и да се култ кон минатото. Пензионерите препорачуваат, овие спомен обележја да послужат за практично запознавање на нашите ученици со борбата на нашите предци за создавање на сопствена држава.Туризмот во Македонија може и преку посета на овие историски места и настани да се обогатува, државата да се афирмира и да го потврдува сопственото постоење и историја.



**Драган Бозаревски**

# Натпревар на пензионерки солисти

Како пензионер активен во сферата на музиката, поезијата и воопшто во културните збиднувања имам едно мое видување и предлог. Имено за масовна заинтересираност на пензионерите мислам дека недостасува организиран натпревар на пензионерисолисти за најдобар тенор, сопран, алт, баритон и бас. Пред одбрано жири, инструменти и пред камера да се претставаат кандидатите со песни по свој избор и снимките да се презентираат во емисијата „Трето доба” на МТВ. Верувам дека тоа ќе предизвика голема заинтересираност и доказ дека пензионерите можат да го губат слухот, но не и духот за натпревар и дружење.

Кандидатите за финалниот избор ќе се претставаат со по три песни и тоа од народната, староградската и забавната музика. На тој начин би се одбрале вистинските фаворити.

**Сава Таховска**
**пензионерка**
**од Скопје**

ПОЕТСКО КАТЧЕ

**ПРВО НАГРАДЕНА ПЕСНА НА ПОЕТСКО-МУЗИЧКА ВЕЧЕР ВО КУМАНОВО**

## ВЕЧНА ЉУБОВ

Само лудиот поет во животни измами вгнезден
Раката расцутени рози доловува од зимси ветер
Потоа со спокоен чекор кон незнајнито нешто ита
Бездруго животот....измамник знаен вечен
Повторно од измама во прелага го свитка
Со ракатка рози.....средба љубов вечна му вети

Поради тоа сознание мамливо до бескрај
Низ синило матно вримено во зимски ветер
Со ракатка рози вгнездени во насмеан чекор
Поетот кон незапирлива животна река ита
Неизбежните дувла волчји свиткани во белина нема
Незабежан од глутници гладни одамна ги мина
Пред него животната река разлеана низ синило матна
Тивкиот насмеан чекор во прегратка го влече

Првите чекори нанижани на надежи луди
Поминаа низ немионовни животни препки
Поетот опиен од миризливата ракатка росна
На брзакот зад првиот свиок не се сети
Почуствува....матната во неврат го носи
На ѕунот од камбарија стара утеха му беше
Тој во последните чекори шепотливо се вплетка



Во здравје и болест, богадство и беда
Што господ составил само смртта го кине

Незнам....Можеби поетот повторно згреши
Но зад себе остави траги слеани во тивок шепот
Боже....Конечно ја доловив вистината
Единствено твојата љубов живее вечно
Затоа прости ми....Милозливо те молам
Воскресни ја ракатката бескрајна чедна
Врати ја во бескрајно синило матно
Нечија раширена дланка бездруго ја чека
Со неа љубовта земска да ја сретне
Заедно со твојата која трае вечно

**Богатин Јосимовски**
**пензионер**

# Пензионерите во земјата на лалињата

Кога првпат ја видов Холандија, се одушевив, иако во ова мое трето доба, тоа чувство ретко ме опфаќа. Првото одушевување од Холандија, со годините се претвори во почит кон еден скромен, вреден, дисциплиниран и работлив народ. Холанѓаните се гордеат со тоа дека се луѓе кои цврсто стојат на земја и на еден дискретен начин се гордеат со се што изградиле и создале со макотрпна работа. Вистинити се приказните дека една третина од земјата ја зеле од разбранетото и студено море, кое е дел од нивната татковина.

Амстердам, главниот град на земјата на лалињата, почнува од морето, од Северното Море, како што си го викаат Холанѓаните, а каналите како гранки од огромно дрво се насекаде низ градот. Ветрот кој речиси постојано дува, или подувнува, го носи мирисот на морето низ целиот град. Од централната станица се простира голем, стар и преубав мост, а близу до него се извишува стара црква и широк булевар кој води кон градот. Зеленилото и цвеќето, се како под конец подредени, за наше око се е премногу чисто. Улиците, и големи и мали, и тесни и широки, сите убави. Старите згради се типични за нивната архитектура, а новите навистина се многу атрактивни.

И насекаде многу луѓе. Стари, млади, деца, бели, помалку бели, црни, темнокоси, русокоси, со коси или светли очи, различни, а сепак исти.





Веднаш паѓа в очи дека од реката што оди низ градот и ужива во него, има многу луѓе од третата возраст. Овој впечаток ме следи секогаш кога сум овде. Возрасни жени во розови фустани и ѓерданчиња, а мажи на слични години со велосипеди и спортски капи, а само по некој ги шета своите внуци. Повеќето од нив едноставно се опуштаат и се шетаат низ многубројните прекрасни паркови на топлото сонце, кое во оваа земја ретко го има.

Покрај со природните убавини, Амстердам пленува со своите музеи, со новите градби, старите цркви, концертните сали, библиотеките, огромниот нов стадиот на Ајакс, со убаво уредените ресторани и мали кафулиња... За разлика од Амстердам, малите гратчиња се приказна за себе, толку се подредени, уредни, во цвеќе и зеленило, тивки и спокојни, како и самите нивни жители. Кога често си таму, имаш впечаток дека сите работат по цел ден, а тоа делумно е и точно. Работат младите, но и старите, работат мислиш сите!

Холандија во минатото била моќна колонијална држава, а трговскиот дух на земјата и денес е двигател на севкупниот живот. Холандија е кралство, но со земјата управува владата и сенатот, на чело со премиерот. Таа е социјална држава во вистинската смисла на зборот, зашто големите даноци на приходите на нејзините државјани се трошат за потребите на сите, во сите области на општествениот живот. Социјалната помош на невработените се движи од обезбедување скромни станови со минимална кирија, до парични средства доволни за секојдневен живот. Самохраните мајки добиваат детски додаток, а во градинките и училиштата плаќаат минимална сума од трошоците. Социјалните служби нудат соодветна работа за невработените, а работниот век за сите вработени е до 65 години, иако се зборува дека оваа граница ќе се помести на 68 години возраст. Висината на пензијата е 70% од просечната плата на корисникот. Секој има право и на основно здравствено осигурување. Секој холандски државјанин, маж или жена, по навршените 65 години има право на социјална пензија, независно дали во животот бил вработен или не. И со таа пензија може да се покријат основните трошоци на корисникот, а тој/таа има право на основно здравствено осигурување. Луѓето кои заработувале повеќе и внесувале повеќе во својот пензиски фонд, имаат можност да користат поскапи здравствени услуги.

Популацијата од таканаречената трета доба, може да ги користи услугите на многубројните пензионерски, или домови за стари луѓе, кои се разликуваат според условите за живот во домот и услугите што ги нудат и даваат. Секако, се разликуваат и во цените. Да споменам дека на пензионерите им се нудат многу поволни кредити за купување мали станови во одредени делови од земјите од ЕУ (Шпанија, Португалија, Италија, Грција) кои нудат поблагопријатни климатски услови за живот на постарите луѓе. Сето ова е еден дел од животот и состојбите во Холандија, земјата на лалињата. Факт е дека помалку или повеќе секое општество се грижи за благосостојбата на својата повозрасна популација, но во Холандија мислам дека грижата за луѓето од третата доба може да служи за пример.

**Таска Гавровска**

# Еднодневна акција за здрава средина

Домот на пензионерите во Пробиштип е сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а земјиштето одколу него на државата. Но и покрај тоа, пензионерите решија да си го разубават ова катче за да можат жителите од третата животна доба да се чувствуваат пријатно и да имаат свое катче за одмор, прошетка и релаксација. Бидејќи најголемиот дел од површината околу домот е некултивирана, од Здружението се покрена иницијатива за уредување на овој дел и беше даден апел до сите нејзини членки да земат учество за негово уредување. На општо задоволство се одзваа поголем број пензионери. Најнапред просторот беше исчистен од пластичниот и друг отпад, а потоа беа засадени 250 украсни дрвца, кои се донирани од шумското претпријатие „Дервен” од Велес и од хидросистемот „Злетовица”.



Акција во Пробитип

Бидејќи на засадените дрвцата им треба и понатамошна нега, определени се пензионери кои понатаму ќе се грижат за нивно окопување, наводнување и негување. Се надеваме дека за неколку години и овој дел кај пензионерскиот дом ќе стане убаво уредено катче, во кое пензионерите ќе можат да се одмараат и релаксираат, а истовремено и ќе се радуваат на она што самите го создале.

**М. Здравковска**

## ЗАНИМЛИВОСТИ

Кога ќе му се закани опасност на австралискиот полжав, тој може да трча и побрзо од КОЊ.

* * *

Годишно во светот се пие околу 135 милиони литри кафе.

* * *

Анализите покажале дека коскената срж на глувците третирани со таканаречени фактори за раст, произведувала 100 пати поголема количина на матични клетки, кои подоцна го регенерираат оштетеното ткиво и им помагаат многу побрзо да заздрават. Истражувачите од лондонскиот „Imperial College“ веруваат дека новиот пристап би можел да најде примена во побрзото залечување на оштетувањата настанати при срцев удар или фрактура на коска.

* * *

Птиците преселници спијат додека летаат, но тоа не е некој сон, туку дремнување од петнаесетина минути . Така на пример штрковите дремнуваат со клавата потпрена на крилото.

* * *

Полските зајаци се борат стоејќи на две нозе како вистински боксери. Судии се зајчиците кои се и публика и наград.

## ПОЕТСКО КАТЧЕ

# Неостварена желба

## (за починатата сопруга)



Не ја сакав рамнодушноста твоја
не ја сакав тагата на лицето твое
не го сакав незадоволството твое
не ја сакав несреќата твоја
Тоа беше желбата моја

Сакав да видам сјај во очите твои
сакав да видам насмевка на усните твои
сакав да видам радост во душата твоја
сакав срећна да бидеш
Тоа беше желбата моја

Сакав насмеана и весела да бидеш
сакав ко в градина рајска да бидеш
од задоволство и радост ко в бајка
да бидеш
сакав среќата моја–среќа твоја да биде
Тоа беше желбата моја

Сакав чувствата твои да бидат и мои
сакав чувствата мои да бидат и твои
сакав грижите твои да бидат грижи мои
сакав грижите мои да бидат грижи твои
Тоа беше желбата моја

Сакав зборовиве од песнава моја
да допрат до дното на душата твоја
да ги разбрануваат чувствата твои
да се остварат соновите мои
Тоа беше желбата моја

Сакав да бидеш човек
и само човек
да имаш голема и племенита душа
душа што дарува, простува
и облагородува
душа што сочувствува во радост
и во тага
Тоа беше желбата моја

Судбината злобна и опаката болест
...немилосрдни беа
тие предвреме го згаснаа живот твој
ја уништија љубовта и надежта моја
Тоа не беше желбата моја

Остана неостварена желбата моја
за која работев и живеев ден и ноќ
до крајот на животот мој
верен сопатник да ми бидеш
Тоа беше желбата моја

**Д-р Лазар Бабунски,
пензионер од Велес**









## Афоризми

**Од книгата „ПРОРОКОТ" на Халил Џибран (1883 - 1931)**

Се што имате еден ден ќе се раздаде. Затоа, давајте сега, за времето на давањето да ви припадне вам, а не на вашите наследници.

Децата се синови и ќерки на копнежот на животот по самиот себе.

Можете да се обидувате да бидете како вашите деца, но не и да барате да бидат како вас.

Животот му дава на животот – додека вие, што се сметате за даватели, сте само сведоци.

Душите на децата живеат во куќата на утрешнината, која родителите не можат да ја посетат ни во соништа.

На децата можете да им ја дадете својата љубов, но не и своите мисли, бидејќи тие имаат сопствени мисли.

Давате само трошки ако давате од своето богатство. Кога од себе давате, вистински давате.

Вашето богатство се работи кои ги чувате од страв да не ви затребаат за утре.

Добро е да се даде кога некој моли, но подобро е да се даде незамолен.

Примателите не треба да прифаќаат товар на благодарност, за да не си стават јарем на себе и на оној што дава.

Кога работите, вие сте флејта низ чие срце шепотот на часовите се претвора во музика.

Држејќи се до работата, вистински го сакате животот.

Работата е љубов што станува видлива.

Радоста е разоткриена тага.

**Избор: М. Серафимовски**

И приоѓа млад човек на убава атрактивна девојка и и вели:
– Татко ми е многу стар и пред умирање. За неколку месеци ќе станам многу богат, омажи се за мене!
Девојката му побарала визит карта.
По неколку дена му станала маќеа!

* * *

На некој коктел една жена и вели на својата пријателка:
– Зошто го носиш прстенот на погрешен прст?
– Затоа што сум се омажила за погрешен човек!

* * *

Внукот го прашува деда си:
– Дедо дали е точно дека во некои замји во Африка момчето не ја запознава невестата пред да се ожени?
– Тоа е така внучко во сите земји! Јас ја запознав баба ти каква е дури отпосле.

* * *

Го прашува синчето татка си:
– Тато зошто си се оженил со мама?
Мажот ја погледнал жена си и одговорил:
– Гледаш ли не само мене што не ми е јасно, туку и на детето не му е!

## КРСТОЗБОР



| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Пензионер плус | Наша пејачка (фотос) | Грубо селско платно | Биба Додева | Ломотење | Испарување | ЧАј | Град во северна Кореја |
| | | | | | Ал | | | | | | | |
| | | | | | Стомак (мед) | | | | | | | |
| | | | | | Макарска | | | ж.име Вид платно | | | | |
| | | | | | Ампер | | Беотски владетел син на посејдон Химна | | | | Калиум Опера од Верди | |
| | | | | | Франц. Писател Едмон | | | | | | | Вид тестено јадење |
| | Паѓање | Едноцифрен број | Исти вокали | Север (англ.) | Место во косово | | | | калорија Александар Опарин | | | |
| Бод | | | | | Томе Арсовски Индонезиска агенција | | | Меѓународна боксерска организација Сонцата | | | | |
| Вид платно | | | | Александар Опарин Хемиски елемент | | | Лига, унија Народни танци | | | | | |
| Автознак за Дубровник | | | Револуционерот Дуков Игор Острајк | | | | | | Претставниците во Израел Женско име | | | |
| Тајни Украинска народна игра | | | | | | | | | | Согласка и самогласка Меѓународен воздух.сојуз | | |
| Грам | | Гл.град на канада Вид овошје | | | | | | Калифо риум Патка (разг.) | | | серник Писателот старова | |
| Иниц.на пејачот Озбори | | | уметност Химна | | | | Бог на плодноста кај фениканите „Туберкулоза" | | | | | Маѓионичар |
| Радиоактивен хемиски елемент | | | | | | | | | | | | |
| Пејачи на јуначки песни во ст.грција | | | | | Шведска поп група Тона | | | | | Амадео авогардо Алт | | |
| Најмала количина енергија | | | | | | Калциум | | | Неофицијална кратенка за Ангола | | | |

## Човекот, змијата и лисицата



Си одел некој човак преку планина, со торба на рамо и стап во рацете. Патем наишол на змија, што овчарите ја врзале на едно дрво за да ги заштитат од неа стадата.

– Кутро животинче – се сожалил селанецот и неразмислувајќи ја одврзал змијата. Но штом малку се созела змијата, скокнала и му се замотала околу вратот и почнала да го дави. Човекот исплашен и рекол:

– Зошто правиш така? Јас те одврзав, а ти вака ми враќаш!

– Таков ми е табиетот – одговорила змијата.

Во тоа време поминала лисицата, па човекот и змијата и кажале што се случило и ја замолиле таа да пресуди.

– Не можам така лесно да пресудам! Со свои очи морам да видам сѐ точно како било!

Човекот зел ја врзал змијата за дрвото, онака како што ја нашол на дрвото. Тогаш лисицата рекла:

– Сега змијо ако можеш одврзи се и дави го селанецов, а ти човеку оди си по патот и не си ја зимај беѓата пак да се сожалуваш и да ја пушташ! Знаеш веќе како враќа змијата за добрината што ќе и се направи!

**Шпанска народна приказна**

# Традиционална средба на пензионерките во Тетово

Во организација на Активот на жените пензионерки на Здружението на пензионерите во Тетово, во ресторанот "Електра" се одржа традиционална средба на 450 пензионерки од Гостивар, Дебар, Кичево, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Тетово, Кавадарци, Велес, Штип, Кочани, Кратово, Крушево и од скопските здруженија Гази Баба, Карпош – Тафталиџе и Ѓорче Петров 1 и 2.

Пригодно средбата ја отвори **Софија Симовска,** претседателка на тетовскиот Актив на жените пензионерки, а претседателот на СЗПМ **Душко Шурбановски** зборуваше за значењето на овие средби пожелувајќи им на сите присутни добро здравје и расположение. На пензионерките и на гостите добредојде во Тетово им посака новиот градоначалник **Сади Беџети**, изразувајќи голем респект кон пензионерската популација и оддавајќи почит кон сето она што тие го создале за помладите генерации, за градот и за нашата земја. При тоа отворено вети дека соработката со Здружението на пензионерите постојано ќе се зајакнува, посебно во решавањето на проблемите што се во надлежност на локалната самоуправа. Градоначалникот го поздрави дружењето, со желба пензионерите да го сочуваат своето здравје, бидејќи сѐ уште се потребни за помладите генерации.

Организацијата на средбата беше на потребното ниво, а заедничкиот ручек мина со добра музика и општа веселба на сите учесници.

**Светозар Димовски**







## „Томина недела“ во Виница

Традиционалната манифестација „Томина недела“ и годинава мина во знакот на негувањето на обичаите, на песната, на играта и на дружењето. На 9 мај во ресторанот „Слив“ се дружеа околу 350 пензионерки и пензионери од Кочани, Богданци, Пехчево, Струга, Свети Николе, Кратово, Крива Паланка, Македонска Каменица, Радовиш, Дојран и Виница. Манифестацијата со пригодна реч ја отвори **Младен Петров**, претседател на Здружението на пензионерите во Виница, а Денот на победата и на Европската унија им го честита Душко Шурбановски, претседател на СЗПМ, додека за активностите на Активот на жените–пензионерки зборуваше Милица Костадинова, член на Собранието на СЗПМ.

Музичката група „Компас“ со исполнение на стари македонски песни создаде добро расположение, а првото оро го поведе 90–годишниот Игнат Јорданов, пензионер од Блатец.

Активот на жените пензионерки од Виница при крајот на април организираше и екскурзија до Битола и Крушево. При тоа околу 110 пензионерки го посетија локалитетот Хераклеа, музејот на Кемал Ататурк и Широк сокак, посебно беа импресионирани од убавините на градот на Крушевската република, а со посета на гробот на Тоше Проевски и на црквата Св. Преображение дадоа достојна почит на македонската музичка легенда.

**Д. А.**





## Културен живот на пензионерите

Во Здружението на пензионери во Штип забрзано се одвиваат подготовките за претстојната регионална ревија на песни, музика и игри. Хорот „Пензионерски цветови“ под стручното раководство на Миле Серафимов. Хорот ги усовршува песните со кои ќе настапи на концертот на Штипско културно лето и Регионалните музички средби на пензионерите. Не помали се активностите и подготовките и на „Трио Веселинови“ со оркестарот на народни инструменти, кои неодамна учествуваа на изворниот фестивал во село Ораовица Радовишко, каде добија признание за својата долгогодишна работа на полето на изворната музика. Деновиве раководството на неколку здруженија на источниот регион разговараа за заедничка соработка во рамките на спортот и културата. Годинава здружението на пензионери од Штип организира дружење на единаесет пензионерски здруженија со излет во село Ораовица Радовишко. Исто така во тек се и подготовките за спортските натпревари. Спортот го раздвижува телото, музиката го пои духот со убавина, а дружењето во природа го обновува и телото и духот, па сето ова заедно го продолжува животот во третото доба.

**Ц. С.**

**ФОТО ВЕСТИ**

Здружението на старосни и семејни пензионери од Крива Паланка деновиве успешно организираше дводневна екскурзија до Врњачка Бања, Република Србија. Патем со звуците на гајда, кавал и песна беа посетени и Врањска Бања, Ниш, Алексинац, Крушевац и Трстеник. Посебно доживување беше разгледувањето на убавините на Врњачка Бања, на изворите на лековитата вода и на цветните алеи, како и на сместувачките капацитети. Посебно за поздравување беше другарувањето меѓу пензионерите и нивното задоволство од претстојот во оваа бања со светско значење.

За оваа екскурзија владееше големо интересирање меѓу кривопаланечките пензионери.

**Арсен Илиевски**



## Средба и во Радовиш

Во присуство на претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски и други гости и на пензионерки и пензионери од здруженијата на пензионерите од „Кисела Вода“ – Скопје, Штип, Ѓорче Петров, Пехчево, Кратово, Неготино и од градот домакин, на 16 мај во ресторанот „Шампион“ се одржа традиционална средба на дружење, размена на искуства и игра.



Отварајќи ја средбата претседателот на Здружението на пензионерите на Радовиш и Конче Јован Ефтимов изрази задоволство што традицијата на ваквите средби продолжува и дека секогаш се создава пријатна атмосфера.

Поздравувајќи ја оваа манифестација во име на СЗПМ потпретседателот Чедо Георгиевски истакна дека ваквите средби што ги организираат активите на жени пензионерки на здруженијата на пензионерите придонесуваат не само за збогатување на соработката во третото доба, туку и за создавање на мигови на среќа и радост.

Престојот во Радовиш беше искористен и за посета на значајни знаменитости, меѓу кои и храмот „Света Троица“.

**А.Д.**

Пензионери – спортисти

## Спасе Тасески меѓу најдобрите спортисти во Охрид

Пензионерот Спасе Тасески од поодамна е познат долгогодишен спортист во Охрид, не само меѓу охриѓани, туку и меѓу 10–те илјади пензионери. Уште во времето кога работеше во поранешна ,,Охридска трговија” успешно се занимаваше со спорт. Учествувал на многу спортски натпревари на општински, регионални и републички натпревари, како претставник на Општинскиот сојуз на спортови од Охрид.

Тасески, има освоено многу медали, благодарници и признанија. Најдобри резултати има постигнато во стрелаштво. Своевремено бил меѓу најдобрите стрелци со воздушна пушка во Републиката.



Како активен спортист до 1992 година во стрелаштво има освоено две златни медали и три бронзени. Во тоа време бил и активен член на Стрелачкиот сојуз на Македонија. Од 1992 година, Тасески продолжил да се занимава со спорт, но како пензионер на пензионерските натпревари во стрелаштво. Учествувал на повеќе Републички спортски игри во дисциплините: стрелаштво и пикадо, каде што освојувал медаљи.

Така, во 2006 година, Тасески на 11–те Републички натпревари на пензионерските спортски игри во Крани – Ресен го освои златниот медал во пикадо. Неговите одлични резултати придонесуваат охридските пензионери – спортисти да се вбројуваат меѓу најдобрите во Републиката.

Од Здружението на пензионерите, Спасе Тасески беше избран меѓу најдобрите спортисти – пензионери во 2006, 2007 и 2008 година и како резултат на тоа беше предложен меѓу десетте кандидати за спортист на годината на Охрид во 2008 година, но манифестацијата не се одржа од финансиски причини.

**К. Спасески**